# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223071 www.szpm.org.mk; e-mail: kontakt@szpm.org.mk

Година V, број 41 и 42 ISSN 1857-7660 1 јануари 2012 година



one секаде заедно Telekom Slovenia Group

ЕЛЕМ ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА


## Почитувани сегашни и идни пензионери




**Почнуваат да се редат деновите од Новата 2012 година. Пречекајте го новиот ден со добра мисла и помисла дека чекорите по патот на животот заедно со своите врсници, со своите пријатели, деца и внуци...**

**Оставете го неубавото, сите проблеми оставете ги зад вас како нешто непотребно. Простете им на сите оние што ви згрешиле или што ве навредиле зашто простувањето е гест на добрина во сите вери и кај сите народи на Земјината топка. Тоа ве облагородува и ве дарува со добро здравје и долг и спокоен живот. Радувајте му се на животот и гледајте ја само неговата добра страна. Заборавете на болестите и на лекарите, заборавете на лековите што ги пиете и на малите плати и пензии. Сетете се дека сите кои ја поминале стотата кажуваат оти консумирале храна умерено, се друже ле со пријателите, слушале повеќе музика, патувале, работеле во градината... Никој досега не изјавил дека неговата долговечност се должи на неговото богатство или на многуте пари кои ги поседува... Да беше поинаку долго ќе живееја само богатите, а не и старите сиромаси...**

**Живејте и радувајте му се на секој нов ден затоа што не случајно сегашното време се вика презент - ПОДАРОК. Живејте и радувајте му се на животот и во оваа и во наредните години кои доаѓаат. Бидете среќни и весели. Бидете позитивни и здрави, сакајте и бидете сакани.**

**Нека ви е среќна и честита НОВАТА 2012 година и нека ви донесе убави моменти, исполнет живот и активно стареење!**

**СЗПМ**

Осма седница на ИО на СЗПМ

## Повеќе средства за збогатена активност

На 20.12. 2011 година Извршниот одбор на СЗПМ ја одржа осмата седница на која со едноминутно молчење се даде почит на неодамна



починатиот Димитар Лазаревски, претседател на ЗП Пехчево.

Потоа опстојна дискусија се водеше за имплементирање на дел од предлозите дадени од страна на СЗПМ, во Програмата на Владата за 2012 година.

Во дискусијата учествуваа: **Методија Тошевски, Бесник Поцеста, Данче Даскаловска, Зоре Мицкоски, Рамиз Ќазимовски, Руфат Рамадани, Ѓорѓи Серафимов, Илија Адамоски и Драги Аргировски.** Беше потенцирано дека е мошне значајно да се почне со реализација на прифатените предлози за подобрување на стандардот на пензионерите; за изградба на домови и клубови, како и други прашања од Националната стратегија за стари лица. Се нагласи дека е потребно за СЗПМ како најмногубројна и најактивна невладина и меѓуетничка граѓанска асоцијација да се донесе посебен Закон за пензионерско организирање во Република Македонија или тоа да се регулира со измени и со дополнување на Законот за здруженија и фондации.

Потоа беше разгледан и усвоен финансискиот извештај за приходите и расходите за 11-те месеци на 2011 година, како и предлог-финансискиот план за 2012 година. Беше констатирано дека се работело домаќински и одговорно, што беше поткрепено со постигнатите ефективи. И во извештајот од Надзорниот одбор беше констатирано истото, што го образложи претседателот Доне Николовски. Извештајот и предлогот на финансискиот план за 2012 година беа едногласно прифатени. Исто така, едногласно



беше прифатена и Програмата за работа во 2012 година за која се констатира дека соодветствува на предложениот финансиски план. Се нагласи и потребата од издвојување средства за решавање на прашањето со работниот простор на СЗПМ.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** укажа на значењето за добиените средства во износ од 7.800 евра од проекти, донации, спонзорства и реклами, што е за поздравување и за потребата таа динамика да продолжи и во новата година, а се заложи со соодветни активности и новата 2012 година да се одбележи како европска година на активно стареење и меѓугенерациска солидарност и соработка за стари луѓе.

Членовите на ИО на СЗПМ беа информирани дека на неодамна одржаниот меѓусекторски форум за Законот за донации и спонзорства на организации од јавен интерес беа дадени предлози за измени на истиот. Меѓу другото, беше предложено барателите сами да си обезбедат потврда од Министерството за правда дека се организација од јавен интерес. Беше прифатено и СЗПМ да побара таков документ.





На крајот потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста ја врачи јубилејната благодарница на претседателот Драги Аргировски за особен придонес и афирмација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

**К.С.Андонова**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...


АКТИВНОСТИ стр. 2

ИНТЕРВЈУ СО МИНИСТЕРОТ СПИРО РИСТОВСКИ стр. 3


ИНФО стр. 5

ПРОГРАМА НА СЗПМ ЗА 2012 стр. 7

НАСТАНИ стр. 8


ИНТЕРВЈУ СО СТАНКА ТРАЈКОВА, СЕКРЕТАР НА ИО НА СЗПМ стр. 9

СВЕЧЕНОСТИ стр. 10 - 11

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ!

стр. 12

ПАНОРАМА стр. 13


Ramiz Qazimovski në TVM стр. 14

СЕЌАВАЊА ЗА ПРОГОНЕТИТЕ!


стр. 16

ИЗБОР стр. 17

ЗАБАВА стр. 19

ПОЕТСКА ВЕЧЕР

стр. 20


**СЛЕДНИОТ БРОЈ ЌЕ ИЗЛЕЗЕ НА 17 ФЕВРУАРИ**

# Посета на ЗП Кичево

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, заедно со секретарот на Сојузот **Станка Трајкова**, во Кичево се сретнаа со раководството на ЗП Кичево, со претседателот **Љупче Лукароски** и секретарот **Добре Лазарески**. На разговорот учествуваше и претседателката на Активот на пензионерки од Кичево, **Ангелина Ристоска**, како и членот на ИО на СЗПМ, **Душан Ристоски**. На оваа средба домаќините го запознаа претседателот Драги Аргировски со напорите околу враќањето на Домот на пензионерите во Кичево кој беше во сопственост на општината. Претседателот Љупче Лукароски напомна дека благодарение на добрата соработка со локалната самоуправа од општината Кичево, како и големото ангажирање на градоначалникот на општината Благоја Деспотоски, заедно со претседателот на Советот на општината, Ѓорѓија Сајкоски, деновиве, Домот на пензионерите е вратен на ЗП Кичево, со Одлука на советот на општината.

Во просториите на Домот на пензионерите, сместени се и инвалидските пензионери. Домот располага со клуб, каде се собираат и рекреираат пензиионерите, а се чита и весникот „Пензионер плус", „Коха" и „Нова Македонија". Домот располага и со 10 соби во кои живеат пензионери. Интересот за живеење во пензионерскиот дом е голем, па со тоа се поставува прашањето за изградба на нов Дом. На средбата сите се заложија за доследна примена на заклучоците донесени на последното Собрание на Сојузот, што се одржа во Крушево.

**А. Ристоска**

ЗП „Солидарност – Аеродром" – Скопје

# Реализирани Програмските активности во 2011 година



На 23 декември 2011 г. во клубот Аеродром, се одржа седница на Собранието на ЗП Солидарност Аеродром, што ја раководеше претседателот Стамен Филипов. Претседателот на ИО, **Димитрија Богатиноски** го образложи предлог Финансискиот план за 2012 г., кој се насочува уште повеќе да придонесе за остварување на целите и задачите на Здружението, особено во областа на хуманитарна помош и другите активности. Поздравувајќи ги присутните **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, во својата основна база, ги изнесе одличните успеси на Сојузот во текот на 2011 г. и го потенцира примерот на ЗП Солидарност Аеродром со успешното формирање и законско и транспарентно одвојување од ЗП Кисела Вода како и целосно реализирање на целите и активностите од Статутот и планот. На седницата беше усвоена и Програма за работа за 2012 година, во која се зацртани повеќе активности во интерес на активно стареење и меѓугенерациска солидарност и соработка..

**И.Г.**

# Активностите на СЗПМ и неговото финансирање

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како невладина, непартиска, мултиетничка и непрофитна асоцијација, е основан со цел да ги штити интересите на пензионерите, да се грижи за унапредување на нивните права по основ на пензиско и инвалидско осигурување, остварување на квалитетна здраствена заштита, како и активно живеење на пензионерите со организирање на културно–забавни, спортски и хуманитарни активности.

Активностите на Сојузот се насочени кон тоа пензионерите организирано да учествуваат во севкупниот општествен живот во државата, сè со цел оваа возрасна популација да не остане на маргините на случувањата во општеството, да имаат достоинствен и активен живот и да даваат придонес соодветен на искуството и интелектуалниот и стручен потенцијал, акумулиран во периодот на нивниот работен век.

Заради унапредување на заедничките права и потребите на членството, Сојузот соработува со државните органи, со други невладини здруженија, сојузи и фондации во државата, како и со пензионерски асоцијации од други земји.

Тој е најмасовен и најшироко распространет сојуз на здруженија во Република Македонија, за што зборува бројот на членството од околу 240.000 пензионери и 55–те здруженија – членки на Сојузот.

Зачленувањето на пензионерите во Сојузот и здруженијата е на доброволна основа. Секој пензионер со поднесувањето на барањето за пензија до Фондот за пензиско и инвалитско осигурување, со пристапница се зачленува во Сојузот, односно во здружението на пензионери на територијата во која живее, а со тоа се станува и корисник на Солидарниот фонд–посмртна помош.

Според Одлуката на Одборот на Регистрираната организација за солидарни средства и членарина, секој член на овој сојуз од својата месечна пензија издвојува по 150,оо денари, од кои 120,оо денари се наменети за Солидарниот фонд и 30,оо денари за членски влог. Од членскиот влог 27,5 денари се распределуваат на здружението во кое членува пензионерот, а само 2,5 денари на СЗПМ.

Активностите на Сојузот се одвиваат во рамките на здруженијата на ниво на Сојузот, врз онова на годишна програма и финансиски план, донесени од Собранието на Сојузот. Се разбира, во согласност



со Статутот и интерните акти. Благодарение на добрата организираност на Сојузот и сигурниот извор на финансирање, а тоа е членарината, Сојузот и неговите здруженија континуирано ги остваруваат целите и задачите за кои се основани.

Остварувањето на ваквиот обем и широк спектар на активности на Сојузот и неговите здруженија, покрај ангажирањето на човечките ресурси – нивните органи и активисти, зависи од сигурното финансирање, обезбедувањето на финансиските средства и нивното рационално користење. Тоа, Сојузот го има направено со сигурното финансирање од членарината, каде во собирањето на членарината голем придонес има и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Во вкупните приходи на Сојузот, приходите од членарина изнесуваат околу 95%, а само 5% е учеството на донации, проекти спонзорства и слично.

Користењето на обезбедените средства Сојузот го врши во зависност од реализацијата на активностите, предвидени со Програмата за работа и Финансискиот план, донесени од Собранието на Сојузот. Се разбира, во согласност со финансиските прописи, Статутот, интерните акти и одлуки на Собранието на Сојузот и Извршниот одбор.

Според финансискиот план на Сојузот за 2011 година, во вкупните расходи најголем удел имаат: трошоците за кирија и одржување на просториите (органите на Сојузот се сместени во простории под кирија во Домот на синдикатите на Македонија). Потоа: трошоците за интелектуални и други услуги; за издавање на весникот „Пензионер плус"; за спорт и рекреација; за културно–забавен живот, итн.

Со финасискиот план се обезбедени средства и за надоместоци на функционерите и извршителите, кои се ангажирани во извршувањето на задачите и остварувањето на активностите на Сојузот. Нивното наградување е регулирано со одлука на Собранието на Сојузот.

Според таа одлука надоместокот за претседателот на Сојузот изнесува 60% од просечната нето плата во стопанството, исплатена во месец април 2011 година (која изнесува 20.585 денари), односно 12.350 денари, со важност на исплата од 1 јули.

Надоместокот за потпретседателот на Извршниот одбор изнесува 55% од просечната нето плата во стопанството или 11.320 денари, додека на секретарот на Извршниот одбор изнесува 50% од просечната нето плата во стопанството или 10.290 денари, а на потпретседателот на Собранието на Сојузот 40% од просечната нето плата во стопанството или 8.230 денари.

Со друга одлука на Собранието е регулирана висината на дневните и патните трошоци на членовите на органите и телата на СЗПМ. Овие надоместоци се утврдени во согласност со финансиските прописи на Република Македонија.

Финансиското работење на Сојузот и неговите органи го контролира Надзорниот одбор на Сојузот. Во досегашното финансиско рабтење на Сојузот не се утврдени неправилности,како од Надзорниот одбор, така и од државните финансиски органи. Затоа зборува и последната контрола од страна на Управата за јавни приходи, извршена во месец мај оваа година, при што не се утврдени неправилности во финансиското работење на СЗПМ.

Контролата на финансиското работење на здруженијата ја вршат нивните надзорни одбори. Тие се самостојни во финансиското работење, а тоа значи дека Надзорниот одбор на СЗПМ нема надлежност да го контролира финансиското работење на здруженијата.

Жалno е што некои се обидуваат да ја искриват сликата за СЗПМ, а некои медиуми им ги објавуваат нивните писма без да ги проверат аргументите.

За работењето на органите и активностите на Сојузот и неговите здруженија пензионерите постојано се информираат преку својот весник „Пензионер плус", како и преку Веб страната на СЗПМ. Тоа се остварува и непосредно во контактите и давањето правна помош на членовите на Сојузот.

На крајот, од напред изнесеното можеме да заклучиме дека успесите кои ги остварува Сојузот се резултат пред сè на самопрегорното ангажирање на органите на Сојузот и неговото активно членство.

**М-р Доне Николовски, претседател на Надзорен одбор на Собранието на СЗПМ**

Семинар за сметководители на СЗПМ

# Подучување за финансиско и канцелариско работење

Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија на 7 декември организираше семинар за сметководителите и другите заинтересирани лица на тема: Финансиско и канцелариско работење во пензионерската организација. За реализација на активноста беше ангажиран директорот на „Македонија биро" и експерт за оваа проблематика **Иван Кузмановски**.

Семинарот го отвори претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој го истакна значењето на законското работење во здруженијата поради правилното планирање и наменското трошење на средствата. Тој нагласи дека Сојузот посветува посебно внимание и презема мерки за правилно материјално–финансиско работење, што е потврдено и од надлежниот орган на Управата за јавни приходи, кој при извршениот инспекциски надзор во СЗПМ не најде никави неправилности.

Во своето излагање директорот Кузмановски посебно се задржа и ги објасни практичните проблеми со кои се соочуваат раководствата во пензионерската организација со осврт на законскиот третман на некои постапки што ги преземаат здруженијата, како што е склучувањето договор за дело, регулирањето на кириите и закупнините, вршењето попис на материјалните средства и друго. Притоа тој ги запозна учесниците со новите измени




и дополнувања во Законот за добивка и канцелариско работење и од аспект на практичната примена и реализацијата на одредбите, даде насоки за правилно финансиско и канцелариско работење. Наведувајќи примери од практиката, некои од присутните поставуваа конкретни прашања за решавање на специфични проблеми и со размена на искуствата ги збогатија своите сознанија за поуспешно работење во матичните здруженија.



Успешната реализација на семинарот ја потврди поребата за организирање вакви и слични активности и во иднина кои придонесуваат во едукацијата и унапредувањето на работата на ангажираните лица во пензионерската организација.

**М.Д.**

# Меѓусекторски форум за Законот за донации и спонзорства во јавните дејности

КОНЕКТ

Донациите и спонзорствата се главни извори на поддршка во решавање на проблемите во многу области од јавен интерес како што се: образованието, спортот, културата, социјалните прашања и здравството. Тие се особено важни за финансиската одржливост на граѓанските




организации. Меѓутоа, постојниот Закон за донации и спонзорства во јавните дејности, според мислењето на стручни и компетентни лица, недоволно и несоодветно ја третира оваа проблематика. Поведено од тоа сознание, Здружението „Конект" во 2010 година започна иницијатива за измена и дополнување на овој закон. Оваа невладина организација, во соработка со Европскиот центар за непрофитно право и неколку други здруженија на граѓани од земјава, го следеа спроведувањето на Законот, врз основа на што е утврдена потребата за измена или дури за нов закон за донации и спонзорство. Преку јавна трибина во 2010 година создадена е платформа за споделување на искуствата од имплементацијата на Законот од страна на заинтересираните страни. Во соработка со Националниот демократски институт, Министерството за правда, „Конект" ја актуелизира иницијативата Собранието на Република Македонија да отвори процес за разгледување на имплементацијата на постојниот Закон од 2006 година. Од анализата која е направена произлегува дека постојниот Закон мора да претрпи измени или да има нов Закон за подобро да се дефинираат клучните поими: јавен интерес, организации/установи од јавен интерес и друго, а тоа да си го обезбедат самите баратели, како и да се поедностави сметководствена евиденција и да се намали обемот на задолжителна документација

Со цел да се обезбеди активно учество на заинтересираните страни и јавноста во изготвувањето на новиот Закон, на 5 декември 2011 година „Конект" организираше „**Меѓусекторски форум за Законот за донации и спонзорства во јавните дејности**" кој беше доста посетен и на кој имаше конструктивна и богата дискусија.

И на крајот како заклучок на дискусиите од форумот изјавата на **Никица Кусиникова**, извршен директор на „Конект":

**- Еден од клучните проблеми во Законот е сложената процедура според која може да се реализира даночното олеснување. Тоа укажува на недостаток на доверба во концептот на приватното донирање кое Законот мора да го поттикнува. Потребно е Законот целосно да се измени, да се поедностави постапката.**

**И.Г.**

Министер за труд и социјална политика **Спиро Ристовски**

# Обезбедување достоинствен живот на пензионерите и старите лица

**Господине министре, на истекот сме на годината во која дојдовте на кормилото на Министерството во чиј ресор се прашањата од животот и опстојот на пензионерите. Како ги оценувате ефектите од политиката која ја спроведувавте и дали се остварија вашите претпоставки?**

Република Македонија во Уставот се дефинира како социјална држава и се грижи за граѓаните преку обезбедување на социјална сигурност и пристап до социјалните права.

Во фокусот на грижата за старите лица се: обезбедување на соодветна социјална заштита (соодветни средства за живот, соодветно домување); обезбедување на вонинституционални облици на заштита на старите лица (клубови за дневен престој, сместување во друго семејство и сервиси за помош на старите лица во домашни услови); обезбедување на поддршка и помош од семејството, соседите, пријателите, невладини здруженија, како и основна помош од државата.

Изминатиот период Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија беа посветени на развојот и унапредувањето на активностите поврзани со прашања од секојдневниот живот на пензионерите, унапредување на социјалниот живот, олеснување во пристапот на социјалните права и соработка преку невладиниот сектор, бидејќи сметаме дека е потребно старите лица да водат живот во којшто ќе бидат целосно ангажирани нивните потенцијали и да имаат живот во којшто ќе ја добијат потребната поддршка од општеството.

**Пензионерската организација, СЗПМ, со своите приоритети во активноста и работата во текот на 2011 година, настојуваше и во услови на криза да се одржат стандардите на државата во поглед на навремената исплата на пензиите и другите мерки посветени на пензионерите, како што се здравствената заштита, бањската рекреација и сл. Во услови на најавено продолжување и проширување на должничката криза во Европа, која нема да ја заобиколи и Републиката, што преземa Владата на Република Македонија и Министерството со чија работа раководите, за амортизирање на негативните ефекти од кризата во македонски услови?**

Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и на Министерството за труд и социјална политика е обезбедување на достоинствен живот на старите лица и пензионерите. Во таа насока, од 2008 година до сега пензиите се зголемија за 33,5%, а најниската пензија за 40 %. Исплатата на пензиите, пак, се врши во првата седмица од месецот.



Економската криза има влијание и врз социјалното осигурување, особено врз пензиите и нивната исплата. Некои држави преземаа рестриктивни мерки во пензиското осигурување што резултираа со намалување на правата или „замрзнување" на висината на пензијата за неколку години. Во Република Македонија пензиите се исплатуваат редовно и се врши законското усогласување според порастот на платите и трошоците за живот два пати годишно. Во програмата за работа на Владата на Република Македонија дефинирано е зголемување на пезниите за периодот 2012–2015 година.

**СЗПМ, на барање на Генералниот секретаријат на Владата ги достави своите приоритетни прашања на кои предлага да се фокусира Владата во својата работа за подобрување на положбата на пензионерската популација. Кои прашања од оваа сфера, се приоритет во Програмата на Владата за 2012 година?**

Соработката на државните институции со невладиниот сектор е клучен фактор во развојот на една демократска држава како што е Република Македонија, а особено кога се работи за социјалните права и интереси. Во изминатите години се реализираше проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија" со што повеќе од 15.000 пензионери беа корисници на овие услуги. Како резултат на задоволството на пензионерите од овој проект во наредните четири години истиот ќе продолжи да се реализира со што ќе се опфатат 40.000 корисници на пензија.

Дозволете ми да истакнам дека и во иднина ќе ја продолжиме и унапредиме соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со единствена цел да го подигнеме животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот.

**Какво е Вашето мислење за степенот на реализација на владината Национална стратегија за старите лица усогласена со европските принципи?**

Во насока на реализирање на определбата на Владата на Република Македонија да го подобри животот на старите лица беше усвоена Национална стратегија за стари лица 2010–2020 година. Во функција на успешно спроведување на Стратегијата, ресорните министерства подготвија Оперативни планови за реализација на мерките предвидени во Стратегијата. Со овој документ планирана е изградба на нови регионални домови за стари лица, со што националните капацитети, ќе се приближат кон европските стандарди за институционална грижа за стари лица. Веќе постоечките 4 државни домови, преку сопствени иницијативи како и со помош и поддршка од надлежните институции ги подобруваат условите за сметствување преку реконструкција на објектите и набавка на нова опрема за работа.

Исто така, интезивно се работи и на развивање на вонинституционални форми за грижа и помош за старите лица во Република Македонија и тоа во законски предвидените форми: услуги за дневно и привремено згрижување за постари луѓе, домашна нега, обезбедување финансиска помош и помош во натура. Покрај дневниот центар за стари лица во Чашка, во последните три години Министерството работеше и на отварање уште на 3 нови дневни центри.

**Европската унија ја прогласи 2012 година за година на активно стареење и година на меѓугенерациска солидарност и соработка за стари лица. СЗПМ со својата Програма во текот на годината ќе му даде белег на овие активности. Би сакале Министерството за труд и социјална политика да ги земе под патронат овие програмски активности на СЗПМ. Какво е Вашето мислење околу можностите за реализација на една таква програмска соработка?**

Министерството за труд и социјална политика дава отворена поддршка на сите НВО, општини и организации кои работат на полето на заштитата на старите лица и целосно сме подготвени за понудената програмска соработка со Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

За успешно спроведување на Националната стратегија за стари лица, формирано е Национално координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Стратегијата. Ова тело е составено од претставници на сите релевантни министерства и институции, меѓу кои и претставник на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе продолжи со активности да ја зајакнува свеста на локалната самоуправа за одговорноста на сите граѓани кои живеат на нејзина територија, но и за потребата од вклучување на сите расположливи ресурси на државно и локално ниво во заштитата на старите лица.

Со заедничко делување на сите наведени чинители ќе се создадат одлични предуслови за достоинствено, квалитетно, сигурно и активно живеење, прилагодено кон потребите и способностите на секое поединечно лице, кое што се наоѓа во третата доба од животот.

**Среќни сме што можеме први да ги објавиме вашите предвидувања за она што ќе се случува во сферата на пензионерското живеење во Новата 2012 година. Кои се Вашите Новогодишни пораки до нашето членство?**

Пред сè, сакам на сите пензионери да им ја честитам Новата 2012 година, да им посакам добро здравје и долг и среќен живот, а на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија им посакувам да продолжат со своите зацртани планови.



Јас како министер за труд и социјална политика ветувам дека и идната 2012 година Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија ќе продолжат со активности и проекти насочени кон заштита на правата и интересите на корисниците на пензија и секако нивно поголемо вклучување во социјалниот живот.

**Ви благодариме г-дине министре за соработката. На Министерството и Вам Ви пожелувам успешна деловна 2012 година, добро здравје и среќа.**

**Методија Тошевски**
**Главен и одговорен уредник**

---

Втора седницата на Одборот на регистрирана организација за солидарни средства и членарина

# Преземени конкретни мерки за утврдување на евиденцијата

Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина, на 6 декември, во просториите на СЗПМ ја одржа втората седница во 2012 година и раcправаше за повеќе актуелни прашања и проблеми од интерес за пензионерската организација. Со седницата раководеше претседателот на Одборот Методија Тошевски, а од раководството на СЗПМ присуствуваа и претседателот Драги Аргировски и секретарот на ИО Станка Трајкова.

На почетокот на седницата претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, по повод 65–годишнината од пензионерското организирање, за успешната соработка со Националниот сојуз на инвалидите на трудот на Република Македонија и Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија, на нивните претставници, им врачи благодарници.

Во воведните забелешки претседателот на Одборот **Методија Тошевски** ги нагласи актуелните прашања што беа поставени на дневен ред на седницата и го акцентираше проблемот околу утврдувањето на фактичката состојба на членството во сојузите и здруженијата на пензионери, кој поради останувањето на некои раководства на поранешните позиции, се уште постои и ја оптоварува организацијата. Во дискусијата по ова прашање учествуваа: **Драги Аргировски, Станка Трајкова, Крсто Цанев, Гидо Бојчевски, Димитрија Богатиноски, Крсте Ангеловски, Љубомир Наумоски и Слободан Димовски** и по конструиктивната расправа и заземањето заеднички став за надминување на ваквата неповолна состојба, претседателот Тошевски ја нагласи потребата сојузите во рамките на своите надлежности да преземат мерки што поскоро да ја средат евиденцијата на здруженијата и да ги усогласат меѓусебните недоразбирања. Во врска со тоа Одборт едногласно усвои три заклучоци:



1. Додека не се решат проблемите со утврдувањето на точната евиденција на членството во здруженијата и сојузите (што е обврска за ажурирање и од Законот за здруженија и фондации) бројот на членството останува статускво, и натаму останува во примена досегашната методологија за распределба на средствата од членарината.

2. За докажување на членството во сојузите и здруженијата, заклучно со 01.03.2012 година, да се поведе акција на прибирање докази: наместо досегашните пристапници и испишници за членовите да се соберат копии од чекови од последната пензија. Одборот утврди став дека доколку се појават чекови на исти членови на повеќе од едно здружение, истите ќе бидат избришани од евиденцијата та кај сите здржениjа, а делот од членарината на таквите членови ќе се пренесе во општиот солидарен фонд на СЗПМ.

3. Заради усогласување и ажурирање на евиденцијата по здруженија на пензионери според Законот, Одборот утврди предлог Одлука за ангажирање стручно лице – информатичар за обработка и разграничување на пензионерите по општини, а заедно со здруженијата и по здруженија. Одлука треба да донесат сите сојузи заради финансирање на делот од работата за своето членство. Со посебен договор ќе се утврди обемот на работата, времето потребно за завршување на задачата, вредноста на работата и начинот на плаќање за услугата. Договорот во име на сојузите ќе го потпише Одборот на регистрираната организација.

На седницата членовите на Одборот беа запознати и со доставените поднесоци и писма од повеќе здруженија, како известувања за извршени активности или поставување прашања од интерес за пензионерската организација, како и со други важни информации и насоки за поуспешно функционирање и дејствување во 2012 година.

**М.Д.**




## Фиксна телефонија на ONE

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

ЗП „Центар" – Скопје

## Грижа за здравјето на пензионерите

Во ЗП „Центар" беше спроведена акција за мерење на притисок и шеќер кај пензионерите од централното градско подрачје. Оваа акција беше трета по ред во 2011 г. и на неа се јавија голем број пензионери од ова здружение. Први на столчето за мерење седнаа претседателот на Градскиот сојуз на пензионерите Др Крсте Ангеловски и претседателот на ЗП „Центар" **Павле Спасев.**

За мерењето на шеќер беше задолжена пензионерката од ова здружение **Зорица Стојановска**, инаку лаборант по професија и **д-р Анета Симјановска** од општинскиот Црвен крст „Центар", која покрај тоа што мереше притисок им даваше и совети за превенција и за лекување на некои болести.

Како што ни изјави претседателот Спасев ова здружение редовно ја следи патологијата на луѓето од третата доба од своето подрачје и врз основа на показателите се насочува активноста и работата на здружението. Но тргнувајќи од тоа дека превентивата е поважна од лекувањето, ЗП „Центар" особено внимание посветува на рекреацијата на пензионерите, односно за поквалитетен живот во третата доба. Тие се трудат и успеваат во тоа, рекреацијата да биде континуирана и со тоа да ги оттргнат пензионерите од проблемите што ги носи секојдневието.



**Ц.И.**

Пробиштип

## Одбележана „Неделата за грижа за старите лица"

Грижата за старите лица, нивната здравствена и социјална состојба е постојана грижа за ЗП од Пробиштип. Во рамките на неделата која се спроведуваше под мотото „Секое старо лице има право" во заедничка соработка со Општинската организација на Црвен крст – Пробиштип спроведовме масовна акција за здравствена едукацијата на пензионерите и проверка на нивната здравствена состојба. Акцијата се спроведе во клубот на пензионерите, се изврши бесплатно мерење на шекерот во крвта и проверка на крвниот притисок.



Пред присутните најпрво се обратија Претседателот на ЗПО Грујица Манасиевски и Секретарот на Општинската организација на Црвен крст Пробиштип Митко Георгиевски. Потоа Д–р Маријка Андоновска зборуваше на тема „Остеопороза" како болест која најчесто е присутна кај постарата популација. Д–р Татјана Анастасовска се осврна на Шекерната, болест која не познава граници, зошто се јавува и кај мошне младата популација но и кај пензионерите.Таа говореше и за правилната исхрана како можност за спречување на појава на болеста.

**М.Здравковска**

Гевгелија

## Пензионер достоен за почит



Димитар Пакетов кој неодамна замина во пензија во својот активен животен век се вброи меѓу првите дарители со над сто пати дарувано крв во општината и притоа учествувал во многу крводарителски акции, а бил повикуван и во повеќето хитни случаеви.

Како крводарител е наградуван од Општинската Организација на Црврн Крст – Гевгелија и Црвениот Крст на Република Македонија. Добитник е и на плакатите од 50, 75 и 100 пати дарувана крв.

Учесник е во дарување крв за време на земјотресот во Скопје 1963 година кога со специјално возило со неговите колеги крводарители од Гевгелија ја дарува својата драгоцена течност за да спасат човечки животи.

Крв има дарувано и на повеќе места во Македонија.

За Пакетов секретарот на на ООЦК–Гевгелија Младен Бундов ни рече дека на секој повик ја извршувал својата обврска, поради што е ценета личност во Општината и му посакуваме добри и долги пензионерски години.

**Т.Кусеников**

ЗП „КИСЕЛА ВОДА" – СКОПЈЕ

## Прва питијада

Мирисот опиваше, погледот најадуваше, но најважно беше дружењето. Ова беа главно размислувањата на учесниците на првата питијада што ја организираше огранокот на пензионери „Цветан Димов" од ЗП „Кисела Вода".



– Делата се важни, нека е вечно пријателството, – рече претседателот на огранокот **Драган Јовановски**, посакувајќи им добредојде на присутните

– Традицијата на нашите предци се пренесува од генерација на генерација, питата е наш, македонски специјалитет и со векови е незаменлива, – рече **Махи Марковска**, претседател на комисијата за културен живот, читајќи ја песната Питијада, напишана за оваа пригода.

Направени од вештите раце на пензионерките, со голема љубов, умеење и креативност, солени и благи, задржувајќи ја оригиналноста и автентичноста од минатото, питите само ја разубавуваа позитивната атмосфера и енергија што провејуваше меѓу пензионерите и пензионерките од неколкуте ограноци од ЗП „Кисела Вода". Беа разменети сеќавања за најразлични случувања, слави и родендени. Сите пробаа од питите и останаа без зборови. Некои рекоа, иако се во третата доба, првпат пробале вакви вкусни пити. Во духот на 30 годишници, се пееше традиционална македонска музика, а се свртe и по некое оро. Ова ќе биде незаборавно дружење, и питијадата ќе прерасне во традиција, се согласија пензионерите.

Инаку, ова случување беше во рамките на традиционалниот серијал „Претставување на талентирани пензионери" на ЗП „Кисела Вода".

**Х. Марковски**

## Пензионерите и пензионерките пошумуваа

Во неодамна одржаната акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина" активно се вклучија и членовите на Здружението на пензионерите од општината Берово.

Триесетина пензионери, заедно со други жители на Берово, учествуваа во засадувањето на дрвца по тротоарите на улицата „Маршал Тито". Со овој потег највозрасната беровска генерација покажа дека може, „рамо до рамо", да се носи со помладите.



Со тоа, пензионерите придонесуваат и за подобрување на еколошката состојба иако Берово и Малешевијата одамна се познати како едно од подрачјата каде што чистиот воздух го има во изобилство.

И Здружението на пензинерите на Охрид и Дебрца, преку Активот на пензионерки се вклучи во реализација на еколошката акција „Ден на дрвото – засади ја својата иднина" која се одржа на 23 ноември 2011 година. Околу 30 пензионерки заедно со вработените од стручната служба и раководството на ЗП, во дворот пред Домот на пензионерите засадија 20–ина борчиња доделени од ЈП „Охридски Комуналец", кои во наредните години ќе ја разубаваат дворната површина на Домот. Претходно, учесниците во акцијата во Клубот на пензионерите, од претседателот на Извршниот одбор **Ѓорѓи Трпчески**, беа запознаени со значењето на акцијата „Ден на дрвото". Со засадувањето на младите дрвца пензионерките дадоа свој придонес за разубавување на животната средина.



Инаку, Активот на пензионерки во акцијата „Ден на дрвото" активно учествува од самото нејзино постоење. Покрај ова, охридските пензионерки, учествуваат и во други еколошки и комунални акции во разубавување на градот и Охридското крајбрежје што ги организираат други организации, институции и јавни претпријатија.

**Д. Ролевски, К. Спасески**

## Секогаш активни и хумани

ЗП Неготино во својата програма, покрај другото,посебен акцент става на грижата за старите лица–пензионерите.Така, по повод „Неделата на стари лица"



претставници од ЗП Неготино во соработка со Црвениот крст од градот ги посетија старите лица сместени во домот „Жана" и им однесоа скромни подароци. Задоволството од фактот дека не се заборавени се гледаше на лицата на станарите.

По пријатниот разговор, пеачкото друштво "Распеани пензионери" од Неготино исполни неколку песни, а потоа се разви оро на кое се придружија сите присутни.

Исто така, неодамна во соработка со Здравствениот дом од Неготино, во просториите на ЗП Неготино се одржа предавање за "Здрав начин на живот и исхрана", а предавач беше д–р Боне Стевановски. На предавањето на пензионерите им беше предочена користа од употребата на медот кој помешан со разни билки е делотворен за организмот.

**И. Емшов**

## Активности на огранокот Волково

Огранокот „Волково" на ЗП Ѓорче Петров ги опфаќа населените места: Волково, Кучково, Никиштани, Орман и дел од населеното место Стопански Двор.

Седиштето на разгранокот е во Волково, и во него членуваат 600 пензионери.

Сите тие се активни за што придонесува Одборот на огранокот има седум члена: Љубе Ливрински – претседател; Стојне Георгиев – секретар; Драгица Јакиимовска; Марјан Ристовски; Димитар Василев; Томе Трајковски и Томе Петковски.

Секоја година Одборот донесува Програма за работата.

Клубот активно работи повеќе од пет години. Во клубот има неколку табли за шах, табла–домино, карти, табла за пикадо и весници.

Исто така секоја година се организираат екскурзии, со посета на градови, излетнички места, дружење со пензионери од другите здруженија и слично. Секоја година има посета на кино и театарски претстави.

Пензионерите активно се вклучени во пејачката и фолклорната секција на Здружението, а со тоа придонесуваат за успешно претставување на Здружението на Ревијата на песни, музика и игри, што ја организира Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.



Посебна активност пензионерите имаат во спортските натпревари. Активност покажуваат во шах, трчање, домино, тегнење на јаже, пикадо, тробој, стрелање со воздушна пушка и друго.

Во огранокот се води особено грижа за здравјето на пензионерите. Се организира стручно мерење на крвен притисок и шеќер во крвта од страна на медицински лица. Се организира и посета на болни лица.

Пензионерите се вклучени во сите активности од општественост, културниот и политичкиот карактер на здружението, на Општината и пошироко.

**Љ. Л.**

ПЕНЗИОНЕР плус

Весник за сегашните и за идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година V – број 41 и 42
јануари 2012 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

Редакциски одбор:
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева, уредник,
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.


Со секое купување,
поблиску до
1 МИЛИОН денари!
СО СЕКОЈА
СМЕТКА НАД
300
денари
ДЕБИТНИ И КРЕДИТНИ картички
Знаете ли дека со секое купување можете да станете МИЛИОНЕР?
Едноставно, користете ги сите ваши кредитни или дебитни картички од Стопанска банка во секоја прилика и бидете поблиску до главната награда 1 МИЛИОН ДЕНАРИ и другите бројни вредни парични награди.
• Со секоја сметка поголема од 300 денари стекнувате право за учество
• Незаборавен награден фонд:
1 x 1,000,000 денари; 2 x 100,000 денари; 5 x 50,000 денари; 15 x 10,000 денари; 20 x 5,000 денари
• Наградната игра трае од 15.11.2011 до 15.02.2012
Во празничните месеци купувајте во трговската мрежа во земјата и светот, користете ги банкоматите на СБ за плаќање сметки и рати, купувајте на интернет и едноставно уживајте во слободата што ја нудат платежните картички, а Банката богато ќе ја награди вашата лојалност!
Повлекувањето готовина од картичка не учествува во наградната игра. Visa Business картичката не учествува во наградната игра. Вработените и нивните потесни семејства не учествуваат во наградната игра. Срекните добитници ќе бидат објавени во дневните весници најдоцна 13 дена по завршување на наградната игра. Правилата за наградната игра се во целост објавени на веб страницата на Банката.
24 часа КОНТАКТ ЦЕНТАР: (02) 3100 109
www.stb.com.mk
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна
2011/12
Superbrands
Macedonia's Choice

Согласно со член 15 став 1 алинеја 1 а во врска со член 11 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Р Македонија, Собранието на Сојузот, на седницата, одржана на 20 декември 2011 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Со оваа програма ќе се реализираат односно остваруваат активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Р Македонија (во натамошниот текст: Сојузот), како невладина, непартиска, мултиетничка асоцијација, самостојна во организирањето на целите и дејностите на здруженијата на пензионерите во Македонија – членки на Сојузот.

Основните определби во Програмата за 2012 година на Сојузот ќе бидат насочени кон подобрување на животот во староста што е во согласност со Националната стратегија за стари лица 2010 – 2020 г. на Владата на Република Македонија. Документот е насока за одредување односно идентификување на приоритетните области и задачи за дејствување, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на животот на старите лица. Препораките изразени во овој документ се насочени кон подобрување на животот во староста поддржувајќи го активното стареење. Стареењето на населението наметнува тема на која треба да и се придава се поголем простор и значење, бидејќи нема област во општествениот живот во која не можат да се почувствуваат последиците на демографското стареење. Поради комплексноста на прашањето на стареењето на населението неопходно е тоа да се набљудува во рамките на сеопфатните социоекономски процеси во земјата.

Во тој правец се и насоките на Европската унија која 2012 година ја прогласи за година на активно стареење и за меѓугенерациска соработка за стари лица.

Во Програмата за работата на Сојузот за 2012 година, а во врска со стратешките цели на Сојузот содржани во Статутот, се утврдуваат следните активности:

**Подобрување на материјалната и социјалната положба на корисниците на пензија преку заштита на стекнатите права како и унапредување на правата на идните пензионери.**

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија има задача да го следи остварувањето на зацртаните цели и задачи бидејќи Сојузот е асоцијација која за основна цел има да ги заштитува и унапредува правата на корисниците на пензија.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и понатаму ќе ги следи, проучува и разгледува остварувањата на уставните и законските права на пензионерите за создавање на подобра социјална состојба. Тоа, првенствено може да се постигне преку одржување на реалната вредност на пензиите со нивно редовно и вонредно усогласување. Ќе придонесе и за подигање на соодносот на просечната пензија во однос на просечната плата, редовна исплата на пензиите како и унапредување на правата на идните корисници особено оние кои се вклучени во пензискиот систем со капитална компонента. Во рамките на подобра социјална положба е и залагањето за поквалитетна здравствена заштита како и поддршката на развојот на социјално–хуманитарната димензија во работата на здруженијата.

**2. Подготвување иницијален текст на Законот за пензионерско организирање.**

Потребата од подготвување Закон за пензионерско организирање, како посебен закон се наметнува како императив за решавање на прашањата кои се од значење за пензионерите кои се здружуваат во здруженија и сојузи. Со оглед на фактот дека Сојузот со членките имаат големо значење за заштита и за унапредување не пензионерскиот живот Сојузот оценува дека има потреба од постоење посебен закон. Законот би го решил прашањето од организационен и суштински карактер.

**3. Поднесување барање за стекнување статус на Сојузот, од јавен интерес.**

Во 2012 година согласно со Законот за здруженија и фондации Сојузот ќе поднесе барање до Комисијата за статус од јавен интерес, за што согласно со одредбите на споменатиот закон како и на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, е од голем интерес за Сојузот и за здруженијата членки што членуваат во него.

**Информација за функционирање и координација на организирањето и начинот на дејствувањето на здруженијата на пензионери - членки на Сојузот.**

Една од основните цели на Сојузот е и следење на организирањето и начинот на дејствување на здруженијата на пензионери кои мора да работат исклучително во интерес и заштита на корисниците на пензија во соработка со Сојузот. Непосредната интерактивност меѓу здруженијата и Сојузот и работата на здруженијата ќе се согледа преку извештаи, записници, програма за работа, информации и други материјали заради меѓусебно информирање, остварување потесна соработка и други дејствија што ќе биде предмет на оваа информација.

**5. Согледување на работата на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина.**

Согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување (член 130–б) Одборот на Регистрираната организација има значајни ингеренции во однос на посмртната помош и членарината во одредување на висината на истите, во располагање со средствата, следење на остварувањето на посмртната помош, како и донесување на повеќе акти со кои се уредуваат односи суштествени за извршување на работата на Одборот. Значењето на работата на овој одбор наметнува потреба од постојано согледување на извршувањето на неговата работа.

**6. Подготвување Анекс на Спогодба за соработка меѓу Сојузот и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Р Македонија.**

Спогодбата за начинот и постапката за вршење задршка при исплата на пензијата за Солидарниот фонд – посмртна помош и членарина и исплатата на посмртната помош на семејствата на починатите корисници на пензија, меѓу Сојузот и Фондот на ПИОМ се применува од 2010 година. Во практиката во деловните процеси на функционирањето на Солидарниот фонд настанаа одредени измени односно потреба од унапредување на соработката меѓу Сојузот и Фондот, поради што се оценува за потребно да се подготви нов текст на Спогодба.

**7. Следење на остварувањето на поквалитетна здравствена заштита на пензионерите.**

Во 2011 година беа преземени повеќе мерки односно непосредни разговори и поднесени писмени иницијативи по повеќе прашања за подобрување на здравствената заштита издвојувајќи го особено прашањето за ослободување на старите лица од сите видови партиципација кои активности задолжително ќе бидат поттикнувани од Сојузот.

**8. Промовирање на поголема соработка на локално ниво, односно меѓуопштинска соработка во извршување на активностите на здруженијата на пензионери во заштита на старите лица.**

Во 2012 година би требало да продолжат започнатите активности од 2011 година, а тоа е поактивна улога на здруженијата на пензионери со барање за учество односно присуство во работата на телата на локалната самоуправа каде што ќе може да се презентира потребата на пензионерот во општината и да се искористи неговото искуство и знаење.

Ќе се поддржува и понатаму на сите нивоа исклучително важната соработка со локалната самоуправа во суштествени сегменти од пензионерското дејствување, со натамошно продолжување на потпишување спогодби за соработка во рамките на реализацијата на Меморандумот меѓу СЗПМ И ЗЕЛС.

**9. Поддршка на активностите на активите на жените-пензионерки.**

Во програмите за работа за 2012 година на здруженијата значајно место во активите на жените–пензионерки би требало да биде социјално–хуманитарната димензија на дејствување во рамките на здружението. Активноста треба да се зајакне ако се создадат поволни услови, така што на корисниците со ниски пензиски примања да им се помогне со: парична помош, посета на стари лица, бесплатни лабораториски прегледи, вакцини, различни тематски состаноци за актуелни болести, совети за семејно насилство, запознавање со новите процедури за користење на здравствената заштита, заложба да се издаде социјална карта за пензионерот во здружението во кое членува и други видови дејствување што се блиску до природата и улогата на жената во семејството.

За постигнување на оваа цел е потребна и зголемена соработка со Црвениот крст и со други невладини организации.

**10. Позасилено промовирање и координирање на ограноците на здруженијата.**

Потребна е натамошна позасилена координација на ограноците што се покажа како позитивна активност во 2011 година. Работата на ограноците е најблиска и непосредна до одвивањето, односно пулсирањето на животот на пензионерите.

**11. Следење и ангажирање во изградба на домови за пензионери и старски домови, дневни центри и пензионерски клубови што е во согласност со Стратегијата на стари лица 2010-2020.**

Најголемата сигурност и квалитетот на живеењето е чувството да имаш свое место односно свој дом каде што ќе живееш, што е особено значајно за пензионерите. Тие најголемиот дел од времето го поминуваат во домот. Со изградба на пензионерски домови и други форми на сместување низ целата наша држава ќе се обезбеди подостоинствен живот и ќе се спречи маргинализацијата на старите лица односно пензионерите во основните егзистенцијални сегменти од нивното живеење.

По овие прашања Сојузот со свои предлози и натаму ќе дава придонес во подготвување на Програмата на Владата на Република Македонија.

**12. Организирање и следење на одвивањето на Седумнаесеттите спортски активности на пензионерите во Република Македонија.**

Во делот на спортот и рекреацијата во 2012 година активностите ќе се одвиваат согласно со целите утврдени во Статутот на Сојузот за унапредување, збогатување и проширување на интересот на пензионерите за разни спортски активности и форми за одржување на психофизичката кондиција. Преку спортските активности се дефинира односно практикува активното стареење. Регионалните и Републичките игри во 2012 година ќе се одвиваат и врз основа на нов Правилник за спорт.

**13. Организација и следење на десеттите по ред ревии на песни, музика и игри.**

Ревиите како облик и форма на културно–уметничката и забавната дејност на пензионерите кои во себе опфаќаат песни, музика и игри, одржување на изложби, уметничко творење од областа на ликовната и драмската уметност, промоции на литературни дела и друго од 2012 година ќе се одвиваат согласно со новиот Правилник за ревии на песни, музика и игри. Овој акт содржи регулатива која ќе придонесе преку ревиите да дојде до израз уметничкиот и културниот дух на пензионерот како и меѓугенерациската солидарност меѓу пензионерите и помладата популација со нивни придружни активности во одвивањето на ревиите (изложби, ракотворби и друг вид творештво).

**14. Реализација на меѓународната соработка со сојузи и здруженија од соседните земји (Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија и Косово) за размена на искуства со земјите од ЕУ преку институтот Хеврека од Љубљана.**

Сојузот и здруженијата треба да се отворени за соработка со цел унапредување на организацијата, на методот на работа во своето дејствување особено со земји од својата околина како и со земји членки на ЕУ, сознавајќи го третманот на пензионерите во сите сфери од нивниот живот. При тоа треба да продолжи подготовката на заедничките проекти за користење на европски средства.

**15. 2012 година како година на активно стареење ќе биде збогатена со размена на искуства и меѓугенерациска соработка по сите прашања од пензионерското живеење.**

Значајно е да се одбележи дека 2012 година е година на активно стареење и затоа оваа година позасилено ќе се соработува со други сојузи во РМ, органи и институции (Собранието, Владата, министерствата, фондовите, ЗЕЛС, Црвениот крст, Сојузот на борците, ССМ, фармацевтски, банкарски и др. организации). Соработката е во знак на одбележување на активното стареење и ќе придонесе за нови форми и облици за збогатување на активниот живот на пензионерот.

**16. Поттикнување и поддршка на организирање заеднички концерти и други културни манифестации, драмски претстави, изложби и сл.**

Оваа активност е поттикнувана и во претходните години, но во 2012 таа континуирано ќе биде следена и подобрена.

Поддржувајќи го активното стареење покрај литературните манифестации ќе се поттикнува и организирање на екскурзии, посета на значајни историски, културни и туристички места како и одржување пикник–средби. Овие дејности се во насока на активното стареење на пензионерите.

**17. Остварување јавност и отчет во работата.**

Една од карактеристиките на работата на Сојузот како невладина, неполитичка и меѓуетничка асоцијација е транспарентноста во своето работење.

Ќе продолжи информирањето на членовите и на пошироката јавност преку печатот, радиото, телевизијата со емисијата „Трета доба" на МТВ, со учество во емисија на ТВ „Алфа" и со други информативни куќи, а особено на веб–страницата на Сојузот и весникот „Пензионер плус". Во 2012 година како година на стари лица ќе бидат зголемени и активностите на Сојузот за пошироса застапеност во јавноста во рамките на државата и надвор од неа, информирајќи ги идните и сегашните пензионери за прашања кои се за нив значајни.

**18. Одбележување на 66 години од формирањето на Сојузот на 20 септември и 50-тиот број на весникот „Пензионер плус".**

Оваа програма треба да биде основа за изготвување на програми или акциски планови за работа на другите работни тела на Извршниот одбор, на Правно–економскиот форум како и на Одборот за Солидарен фонд и членарина.

Програмата ќе биде од отворен карактер за прашања кои ќе се наметнат со своето значење и актуелност.

**20 декември 2011 година** **Извршен одбор на СЗПМ**

## Во Тетово одбележан Меѓународниот Ден и Недела на лица со инвалидност

На 3.12.2011 година со свечена седница и повеќе активности се одбележа Денот на лица со ивалидитет во Тетово.

Во знак на одбележување на овој „Ден и Недела на лица со инвалидност“, се организираа состаноци на теми поврзани со лица со инвалидност, како и разговори за потребите, проблемите, интересите и амбициите на лицара со инвалидитет, за нивната ситуација, за нивната социјална положба и работна рехабилитација.



Беше констатирано дека загрижува фактот, што од преку 100.000 лица со инвалидност во Република Македонија, со трајно загубена работна способност се преку 45.000 лица. Ако на нив се додадат и околу 40.000 корисници на семејна пензија наследена по основ на инвалидност, се добива јасна слика за бројноста на оваа категорија. Иако е познато дека е потребно што поголем број на овие лица да бидат вработени, Законот за вработување на лица со инвалидност, односно Законот за вработување на инвалиди и покрај бенифициите што ги пружа, сѐ уште не е заживеан и не ги дава посакуваните резултати. Исто така, за жал, се поголемо е настојувањето на работодавачите да се ослободат од вработените на кои им е потребна професионална рехабилитација, давајќи им неколку месечни плати за доброволно напуштање на работата или ги прогласуваат за технолошки вишок, со што уште повеќе се зголемува бројот на невработените инвалиди, иако се знае дека вработувањето на лица со инвалидност е најефикасниот лек.

Инаку, Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија–Тетово во изминатата година доби статус на Инвалидска организација, а по добивање на истиот преку органите на Здружението ги усогласи одредбите на Статутот со Законските одредби. Според материјалната состојба и можности Здружението најголем акцент му посветува на давањето еднократна парична помош на членството и нивните семејства со лоша здравствена и материјална сосотојба од средствата собрани од членарината, организира научни екскурзии за членството, снабдување со огревно дрво по пониски цени од пазарните и на рати. Со своето членство учествува на спортско рекреативни натпревари во организација на Сојузот на инвалидите чија членка е. Организира посета на тешко болни и материјално загрозени членови на Здружението. Меѓутоа најголема помош за членовите се секогаш отворените работни простории на Здружението, каде тие се дружат и разговараат за своите проблеми и разменуваат искуства за решавање на истите.

Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија–Тетово не е најсреќно што е најбројно здружение во Република Македонија со преку 3400 членови со трајно загубена работна способност, од кои 120 се со телесно оштетување, преку 2000 се членови–корисници на семејна пензија по основ на инвалидност и преку 100 членови се со професионална рехабилитација со статус на вработени.

**Југослав Аризанковски**

## Свеченост во Битола

Здружението на инвалиди пензионери и инвалиди на трудот БИП–Битола, инвалидска организација, во соработка со активот на жени инвалиди при битолското здружение го одбележа 3. декември, светскиот ден на инвалидни и хендикепирани лица.



По овој повод во Битола, организирана е и остварена средба, на која беа поканети гости и членови на Здруженија на инвалиди од Велес, Куманово, Гевгелија, Прилеп, Охрид, Струга, како и од други градови.

Како интересот за оваа средба навистина беше огромен, собирот се одржа во големата сала на ресторанот „Император“.

Со кратка поздравна реч, собирот го отвори потпредседателот на Битолското здружение, **Раде Ангелевски**, при што, поздравувајќи ги гостите во кратки црти се осврна на 3. декември, за неговото значење, како и значајноста и корисноста од одржување вакви средби со останатите здруженија од Македонија.

Од името на Активот на пензионерики при Битолското здружение на инвалиди од Битола, поздравна реч имаше претседателката на овој актив **Виолета Настевска.**

Оваа средба беше повеќе од очигледно успешна. Скоро секој од присутните ја нагласи потребата за поудобни животни услови. Организацискиот зафат, за одржување на ваков вид на средба и во толку голем обем, секако дека побарува максимална посветеност, знаење и пред се искуство, за организирање на вакви собири. Оттаму, од страна на гостите, а и од домаќините беше искажана сесрдна благодарност до тимот кој ја подготви средбата по повод 3. декември, светскиот ден на инвалиди и хендикепирани лица.

**Добре Тодоровски**

## Избран нов претседател на СИПМ

На 07.12.2011 година во Скопје се одржа годишно собрание на Сојузот на инвалидски пензионери на Македонија.

При тоа беа разгледани тековните проблеми на здруженијата. Стана збор и за подготовките за изготвување на програмите, плановите и финансиските документи за 2012 година.



Беше избран и нов претседател со единствено предложениот кандидат **Љубомир Јанев** од Штип. Новиот претседател одржа пригоден говор пред сите присутнии и се заблагодари за изборот.

**С. Михајлова**

Во Велес

## Средба на инвалидски пензионери



По повод празникот 3 декември денот на инвалидизираните лица Здружението кое ги обединува токму пензионерите кои стекнале инвалидска пензија одржа свеченост во ресторанот „Розе сала“ во Велес. На свеченоста на која присуствуваа пензионери од цела Македонија претседателот **Лазар Атанасов** поздравувајќи ги членовите и гостите им го честита денот и додаде дека здружението ќе се труди да ги организира и да им помага во остварување на своите права како пензионери.

По повод свеченоста беа доделени и благодарници.

Како секоја година така и оваа пензионерите свеченоста ја збогатија со песни и игри како и лотарија од која добија и подароци кои ќе сведочат за убавото пензионерско дружење.

**Б. Ќулавкова**

## Пензионерскиот дом во Кочани од регионален карактер

Претставници од Општинските здруженија на пензионерите од општините Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово на заедничка средба во Кочани ги разгледаа информацијата и техничката документација за изградба на пензионерски дом кој ќе се гради во локалитет Стара касарна во населбата Усова чешма. Имено по целокупната презентација на материјалот и информацијата до каде се работите за почеток на изградба на пензионерскиот дом што го образложи **Ѓорги Серафимов**, претседател на Кочанското пензионерско здружение, преставниците од другите Општински здруженија на пензионери од овој дел на Македонија беа едногласни во своите ставови и барања овој дом во Кочани да добие регионален карактер и истиот да можат да го користат и овие пензионерски здруженија.

Новиот пензионерски дом во Кочани ќе се протега на површина од 8 илјади метри квадратни од кои половината ќе бидат наменети за градба на домот, а останатата половина ќе биде зеленило и паркови со пристапни улици од двете страни на населбата. Локалната самоуправа на општина Кочани овој граден простор целосно го отстапи без надокната на Кочанската пензионерска организација, притоа ослободувајќи ги од секаков вид на комуналии, и со решена комунална инфраструктура: пат, вододовна и канализациона мрежа, електрична и птт инсталација.

На средбата во Кочани преставниците од пензионерските здруженија од источна Македонија побараа од Фондот за пензиско осигурување целосни податоци на бројот на корисници на пензии, за да може да се утврди точниот број на корисници на пензии во овие градови од Македонија.

**К. Герасимов**

ЗП на трудови инвалиди Охрид

## Одбележан меѓународниот ден на трудовите инвалиди

Здружението на трудови инвалиди од Охрид кое брои 1.500 членови со свечена седница во Собранието го одбележа Меѓународниот ден на инвалидите на трудот. За значењето на празникот на инвалидите на трудот прогласен од Организацијата на обединетите нации, зборуваше претседателот на ЗТИ на Охрид **Благоја Крстаноски**.Тој во својот реферат, најпрво се осврна на прогласувањето на празникот на трудовите инвалиди, а потоа и за активностите на Здружението за едногодишниот период.



– Нашите заложби, рече Крстаноски, се задоволителни, но сепак е потребна поголема помош од институциите на системот за нашите проблеми, од социјалната заштита, станбените прашања, поголемо внимание за нашата категорија на инвалиди, подобра здравствена заштита, социјално осигурување и друго.

Присутните на Свеченета седница и празникот им го честита претседателот на Советот на општината Охрид **Душко Јаковчески**, кој рече дека во рамките на можностите Локалната самоуправа, материјално го помага Здружението на трудовите инвалиди, а тоа ќе го чини и во наредниот период.

Претседтелот на Извршниот одбор на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески** им го честита празникот на трудовите инвалиди, и им посака добро здравје. Тој истакна дека двете здруженија имаат добра соработка, од што произлезе иницијативата за нивно здружување со Здружението на пензионерите на Охрид и Дебрца, бидејќи интересите и проблемите на пензионерите од сите категории се исти. Расцепканоста на Здруженијата на пензионерите се само од личен интерес на раководствата, а не од итерес на пензионерите.

**К.Спасески**

## Прилепски распеани пензионери

Прилепското културно–уметничко друштво „Пензионер“ датира од далечната 1975 година како КУД „Весели Прилепчани“. Со почетокот на ревиите организирани од СЗПМ во 2003 година друштвото се преименува во КУД „Пензионер“ и оттогаш до сега е чувар на македонските староградски песни кои традиционално се негуваат на прилепското поднебје.



Во изминатиот период низ друштвото поминале многу пејачи и пејачки, а друштвото и понатака опстојува, а го сочинуваат 27 членови од кои 11 пејачки, 10 пејачи и 6 инструменталисти. Во својот репертоар друштвото има преку сто песни. Со овој репетоар во изминатата година друштвото има успешно настапувано преку дваесет пати. Инаку, друштвото редовно одржува проби под раководство на уметничкиот раководител **Васко Најдоски**. Изборот на учесниците во друштвото и редовната работа дава квалитетни изведби презентирајќи ги старогратските македонски песни, песни кои ја изразуваат културата на живеењето на луѓето во Прилеп некогаш и денес.



Љупчо Димески

Друштвото има добиено повеќе признанија на општинско и републичко ниво. Во многу манифестации кои се одржуваат во градот и пошироко друштвото секогаш со задоволство е ангажирано од страна на организаторите.

Кон успехот на друштвото се придружува и Комисијата за култура при ЗП Прилеп и претседателот на комисијата **Благоја Спиркоски**, како и директно ангажираниот раководител на групата, **Љупчо Димески**.

**Љ.Наумоски**

Интервју со Станка Трајкова, секретар на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ

# За подобар и поквалитетен живот на пензионерите



Станка Трајкова во СЗПМ дојде од Фондот за ПИОМ, каде што извршуваше значајни раководни функции и главно се занимаваше со регулирањето и остварувањето на правата на пензионерите. По нејзиниот избор за секретар на Сојузот во мај оваа година, таа продолжи со претходната мисија, но во друга улога. Сега и во практика ги штити правата на пензионерите и работи на подобрувањето на квалитетот на животот на членството, благодарение на својот претходен ангажман, бидејќи таа, меѓу другото, е автор и коавтор на неколку изданија на коментар на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и учесник е во реформата на пензискиот систем во Македонија...

**Што е потребно уште да се каже за да се дополни Вашата биографија во делот што го работите како секретар на ИО на СЗПМ?**

Прво, би сакала да истакнам дека бев многу добро прифатена од новиот раководен тим во Сојузот, кој е на чело во оваа многу значајна невладина, непатриска и мултиетничка асоцијација на пензионерите. Со голем ентузијазам започна да се работи во Сојузот по изборите, со цел да се продолжи и прифати доброто, а промени она што во практика покажало слабости. Меѓутоа, за да го утврдите тоа, потребен е извесен период да ја анализирате работата, целите на Сојузот и промоцијата на истите, за да постигнете одреден резултат. Секој успех на тој план ме радува и ме исполнува.

Исто така, мора да признам дека, како секретар на ИО на Сојузот, ме исполнува и постојаната комуникација со здруженијата-членки на Сојузот, при што ги следам нивните успеси, а се запознавам и со проблемите што ги имаат. Постојано слушам за нивното дејствување и постигнување, за тешкотиите со кои се справуваат, за активностите и мерките што ги преземаат за да го направат пензионерскот живот поинтересен и да создадат услови за активно стареење. Воодушевена сум од тоа колкава желба и колку енергија има кај пензионерите за спорт, за настап на ревиите на песна, музика и игри и други видови творештво, каде што доаѓа до израз креативниот дух и искуството на пензионерот.

**Откако сте на оваа значајна фунција поминаа неколку месеци. Вам како да не Ви беше потребно време за приспособување на новата должност. Како се снајдовте во оваа улога?**

Навистина не ми беше потребно многу време да започнам да ја извршувам оваа фукција бидејќи цел работен век сум работела на проблемите околу пензиското и инвалидско осгурување. Многу добро ми е познат статутсот на пензионерот, чие височество заслужува достоен живот во третата доба.

Како секретар на Извршнот одбор на Сојузот одговорна сум за оперативно спроведување на одлуките на Извршниот одбор на Сојузот, а работам и на прашања на кои може да дадам посебен придонес. Сепак, не е лесно да се постигне се што сметате дека е потребно да се направи за пензионерите, бидејќи многу е битно општествено - економското милје во земјата. Промовирањето на целите на пензионерите е многу значајна работа и акивност во креирањето на јавното мислење и политиките поврзани со пензионерите.

**Со Вашето доаѓање во СЗПМ, Раководството поведе повеќе иницијативи и презеде практични акции поврзани со заштитата на правата и на стандардот на пензионерите, а донесени се и повеќе правилници за подобро функционирање на пензионерската организација. Вашиот удел во тоа беше несомнено голем, меѓутоа, како непосреден изготвувач на Правилникот за арбитража, кажете нешто повеќе и за тоа?**

Покрај тоа што сум еден од подготвувачите на Правлникот за арбитража, силно се залагам и за промовирање на социјално - хуманитарната димензија во дејствувањето на здруженијата и ограноците, ако за тоа има услови.

Арбитражата позитивно ме окупира бидејќи се работи за можност споровите што ќе се појават по здруженијата да се решат по мирен пат, брзо, економично и надвор од надлежноста на судот, бидејќи на тој начин се одбегнуваат долги постапки и непотребно трошење на средства. Овој акт беше прифатен и од здруженијата кои на заедничко задоволство успешно партиципираа во јавната расправа.

**Како и порано, и сега, преку „Пензионер плус" одговарате на прашања на читателите, но и пишувате за некои актуелности поврзани со заштитата на правата на пензионерите. Што е тоа според Вас што треба посебно да се издвои и потенцира?**

Ако сте забележиле јас се трудам тоа да биде актуелен текст поврзан со пензиското и инвалидското осигурување од матерјален и процедурален карактер. Така, мислам дека им помагам на постојните и идните пензонери и најмногу ме радува фактот кога ќе ви се јави пензинер кој благодарене на текстот што го прочитал во „Пензионер плус" побрзо добил решение и си го остварил своето заслужено право.



**Како експерт за правни прашања, интересно би било Вашето мислење за потребата од посоодветна законска регулатива за пензионерското организирање. Постои ли можност за донесување посебен закон за пензионерите?**

Мислам дека треба да се донесе посебен закон со кој ќе се решат многу прашања од организационен и суштински аспекет кога станува збор за пензионерското организирање. Постојниот Закон за здруженија и фондации недоволно ги опфаќа и ги регулира сите прашања од оваа област. Треба да се има предвид дека во СЗПМ со 55 членки-здруженија, членуваат околу 240.000 пензионери. Тоа, е огромна бројка и во функционирањето на Сојузот и на здруженијата има многу специфичности поради кои се наметнува потребата тие односи да бидат уредени со посебен закон. Тоа ќе биде од општ интерес, а посебно во интерес на корисниците на пензија. Се надевам дека донесувањето на овој закон ќе биде поддржан од надлежните субјекти.

**Речиси од секој наш раководител пензионерите очекуваат да каже за зголемувањето на пензиите. Па да не ја прекинуваме таа вообичаеност, и Вие дајте свое мислење?**

По остварувањето право на пензија најважно е прашањето на усогласување на пензиите. Преку овој механизам се одржува реалната вредност на пензиите. Во оваа година пензиите редовно се исплатуваа и беа редовно усогласени два пати и тоа: со 0,75% од 1 јануари 2011 година и со 2,10% од 1 јули истата година, односно вкупното усогласување изнесува 2.86%. Кога станува збор за усогласување на пензиите најбитно е тие да се усогласуваат согласно ЗПИО, со средства обезбедени од изворни приходи преку придонесот и да не се бараат средства нодвор од пензискиот систем. За да се обезбеди тоа потребно е да се зголеми вработувањето за да има редовна уплата на придонесот и тоа на реалната плата, а не на најниската основица, која на идниот пензионер може да му донесе само ниска пензија. Идните пензионери мислат дека пензијата е многу далеку, но не се знае кога таа ќе затреба.

Инаку, пензионерите заслужуваат редовна исплата на пензијата и тие најмалку се виновни зошто е намален соодносот осигуреник-пензионер, или зошто не се зголемил домашниот бруто прозвод бидејќи тие во својот работен век издвојувале средства за редовна исплата и усогласување на пензијата.

**Импресионира Вашата комуникативност и снаодливост во наоѓање решение за некои наизглед нерешливи проблеми. Дали тоа го носите во себе како дарба или сте го стекнале во практика?**

Мислам дека е и едното и другото. Јас кога работам, практикувам да се консултирам, ако има потреба, без да имам комплекс за тоа. Така ме познаваат луѓето со кои сум работела, и со кои сега работам.

Почитувам тимска работа со силни индивидуалци. Такви се луѓето покрај мене во СЗПМ. Кога така се работи, ќе го решите и најтешкото прашање, ако тоа зависи само од вас и од тимот со кој што работите. Секогаш, по неуспешен обид, повторно се гради нова стратегиија и обид да го решите прашањето и така, нема откажување.

**Покрај тоа што сте општествено ангажирана, Вие сте и сопруга и мајка и баба на шест внучиња. Како го усогласувате сето тоа? Кој е изворот на таа енергија која ја носите во себе?**

Одговорот делумно е и во Вашето прашање. Токму тој ангажман е мотивот и изворот на мојата енергија. Едноставно би одговорила дека јас сакам да работам, тоа ме исполнува, а работата кога е разнолика е уште покорисна, како и моите внучиња Алексеј, Натали, Анисија, Лола, Нона и Јосив. Покрај се, мора да пратите како Натали пее на „Златно славејче", дали Алексеј - тинејџер ќе измисли некоја фора на која на глас ќе се смеете или Анисија ќе направи ѕвезда без да падне итн. А да не го заборавам и сопругот, кој секогаш има одговор и решение кога ми е потребен совет и помош.

**Имате ли некоја порака за нашите читатели за Новата година!**

Забележувам дека сите прашања Ви се во прашална форма, а ова со извичник. Можеби затоа што ние повозрасните ќе кажеме: „Ех, помина уште една година..!!! Најпрво за себе би рекла дека пред Нова година се чуствувам возбудено, така е секоја година.

На читателите им посакувам да имаат добро здравје, да не ги напушта копнежот, визијата, мотивот, радоста, иако се повозрасни граѓани.

Покрај тоа, пожелувам да ни се исполнат и ветувањата за редовна и поголема пензија во Новата 2012 година.

**Мендо Димовски**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Воспоставена идната соработка

Во средината на ноември годинава, во Белград - Република Србија, се одржа средба на директорите на пензиските фондови од поранешните ЈУ-републики. На оваа, по многу нешто значајна работна средба, присуствуваа делегации од пензиските фондови од Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Република Српска, Македонија и Црна Гора.

На работната средба беа разгледани прашања поврзани со непосредно подобрување на комуникацијата меѓу фондовите, а во интерес на побрзото остварување на правата на осигурениците од поранешните Ју-републики. Така, беше договорено да се воспостави електронска размена на податоците за осигурениците и корисници на правата помеѓу овие фондови.



Бидејќи правата од пензиското и инвалидско осигурување се пред сè, и материјална егзистенција на осигурениците, оттука фондовите се посебно заинтересирани да обезбедат брзо и навремено решавање на нивните права.

Учесниците расправаа за електронска размена на податоците меѓу носителите на пензиското и инвалидско осигурување, потоа за актуелните проблеми во спроведувањето на договорите за социјално осигурување, како и за воспоставување практика на одржување трипартитни денови на разговор и одржување на наредна средба на директорите носители на осигурувањето во Скопје 2012 година.

По воведното излагање од домаќините, на тема електронски размени на податоците меѓу носителите на пензиското и инвалидско осигурување на државите настанати на подрачјата на поранешна Југославија и богатата дискусија, се заклучи: што е можно побрзо да се отпочне со електронска размена на податоците меѓу носителите на осигурувањата, а постоечката размена на податоците, која моментално се извршува по пат на електронска пошта (имејл), да се унапреди така што фајловите и податоците кои сега се разменуваат по пат на имејл, дигитално да се потпишуваат и по потреба да се криптуваат, согласно законските можности, додека обемот и видот на податоците што ќе бидат предмет на размена, постојано да се прошируваат, имајќи ги предвид законските предуслови и техничката опременост на носителите на осигурувањето. Но, и да се започне со пилот-проектот „Размена на дигитално потпишани обрасци за врска по пат на електронска пошта" и сите договорени постапки да се регулираат со билатерални протоколи, кои би се склучиле меѓу носителите на осигурувањата.

Втората тема беше посветена на актуелните проблеми во спроведувањето на договорите за социјално осигурување меѓу државите настанати на подрачјето на поранешна Југославија. По конструктивната дискусија, се заклучи дека: во иднина, преку интерна организација, носителите на осигурувањата ќе посветат посебно внимание на благовременото постапување на своите организациони единици според доставените барања на другиот носител на осигурување за доставување потврди за пензискиот стаж, додека носителот на осигурувањето кој поднел барање за доставување потврда за пензиски стаж, а по кое не е постапено ни по доставувањето ургенција за постапување, ќе може да побара од другиот носител на осигурување достава на официјално известување за причините за непостапување по доставеното барање. Во овој случај другиот носител на осигурување ќе биде обврзан да постапи според истото и секој носител на осигурување централизирано ќе го следи постапувањето на другиот носител на осигурување по доставените барања за доставување потврди за пензиски стаж, врз основа на интерните евиденции на своите организациони единици и на месечно ниво и за тоа ќе го известува директорот на другиот носител на осигурување.

Исто така, учесниците на средбата во Белград, расправаа и за воспоставување практика за трипартитни разговори меѓу државите настанати на подрачјето на поранешна Југославија и водената дискусија, се заклучи дека: има потреба за организирање трипартитни денови на разговор, и покрај фактот дека постапките на пресметување, давања меѓу носителите не се завршени. Но, беше речено дека треба да се почека да се создадат сите неопходни предуслови за реализација на оваа, секако добра иницијатива. Во наредниот период би требало да се иницираат и спроведуваат билатерални денови на разговор меѓу носителите на осигурување на земјите што не ги воспоставиле.

**м-р. Снежана Кутузовска**

ЗП Центар

# Хуманоста на дело

На 15 декември во просториите на Здружението на пензионери „Центар" беше спроведена неодамна донесената одлука на Извршниот одбор на ЗП за доделување еднократна парична помош на пензионери со најниски пензии. На свечен начин, во присуство на членови на ИО и други претставници и гости, претседателот на ИО **Павле Спасев** и претседателот на Собранието д-р **Крсте Ангеловски**, на 32 пензионери со најниски пензии им доделија по 3000 денари. Оваа средба протекна во пријатна атмосвера, со израз на задоволство од присутните пензионери и со нови информации за слични активности.

Во својот поздравен говор претседателот Спасев, покрај другото, информираше дека хуманитарните акции на Здружението ќе продолжат и во 2012 година. Во Програмата предвидени се и други активности, меѓу кои и посета на болни и изнемоштени лица, што се спроведува заедно со ограноците на здружението, потоа доделување еднократна парична помош на пензионери со пониски пензии што ќе имаат потреба од специфични операции, лекувања и друго. Се предвидува и утврдување на евиденцијата за членови на Здружението кои имаат потреба за непосредна социјална, материјална и психо-физичка помош.

На оваа средба беше истакната и одличната соработка со општината „Центар" и градоначалникот Владимир Тодоровиќ, а присутните беа информирани дека во јули и во август пензионерите можат да користат 10-дневен одмор во „Катлановска бања". Објектот е реновиран и постојано се подобруваат условите за престој во него. Педесет проценти од средствата за бањско-климатска рекреација на пензионерите ќе ги обезбедува Здружението.

**Ц.Илиева**

ЗП Штип

# Свеченост за јубилеите

По повод 65 години од пензионерското организирање во Македонија во салата на Економскиот факултет во Штип се одржа свечена академија. На самиот почеток беше интонирана химната на Република Македонија од хорот на пензионерите.

На свечената седница присуствуваа: раководството на СЗПМ со претседателот Драги Аргировски, градоначалникот на општина Штип д–р Зоран Алексов, Васил Богдански градоначелник на општина Карбинци, раководствата на осум здруженија на пензионери од повеќе градови од Република Македонија, советници од советот на локалната самоуправа, граѓани и пензионери.

Во полната сала пред околу 400 луѓе зборуваше претседателот на ЗП Штип и Карбинци **Михаил Василев** кој најпрвин се заблагодари за присуството на овој голем ден и се заблагодари на штипскиот универзитет и Ректорот на УГД професор д–р Саша Митрев за отстапената сала. Во своето обраќање тој се наврати на историјатот на пензионерското организирање, како и на резултатите на ЗП Штип и Карбинци кое сега брои 7600 пензионери.

– На социјален план обезбедено е бањско лекување со 30% партиципација за пензионери со ниски примања. Секоја година пензионерите се вклучуваат во акции за пошумување на голини, а тоа го направија и 2011 година посадувајќи околу 1500 садници.

На крајот од своето излагање рече – верувам ќе се согласите сите, младоста ја има енергијата за новите технологии, но мудроста и искуството се на страната на пензионерите. Само со соработка и почитување можен е напредок во сите сфери на живеење.

Пред присутните зборуваше и пртседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој ги поздрави присутните на свеченоста и изрази задоволство од соработката на ЗП Штип и



Карбинци со СЗПМ. Тој ја нагласи добрата соработка на здружението со локалната самоуправа, со градоначалникот.

Присутните ги поздрави и градоначалникот на општина Штип д–р Зоран Алексов, кој истакна дека пензионерите заслужуваат подобри услови за живот, затоа ќе помогне да се обезбеди локација и комуналии за старечки дом кој ќе ги згрижи луѓето од третата доба.

По трите говори претседателот на ЗП Штип додели признанија на здруженија и поединци за посебен придонес и поддршка на целите и задачите на здружението. Свечената академија продолжи со пригодна програма изведена од МПГ „Пензионерски цветови", „Градскиот хор" и Марија Димкова, а на самиот крај срцата на присутните им ги разгалија младите игроорци од играорната група „Ристо Донев – Учителот".

**Цвета Спасикова**

Свечена седница на Собранието на ЗП Гази Баба

# Благодарници за постигнатите успеси

По повод одбележувањето на 65–годишнината од пензионерското организирање и 20–годишнината од независноста на Република Македонија, Собранието на Здружението на пензионери „Гази Баба" на 12 декември, во ресторанот „Гоце 2000" во Скопје, одржа свечена седница, која беше посветена и на 39–годишнината од формирањето на Здружението. На седницата присуствуваше претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, градоначалниците на општините: „Гази Баба", „Арачиново" и „Петровец", претседателот на ГСЗП на Скопје **Крсте Ангеловски**, претседателите на збратимените здруженија од Куманово и Струмица и здруженијата „Солидарност" – Аеродром, „Кисела Вода" и „Центар", претседателот на ЗИП „Гази Баба", претставници на Црвениот крст и други гости.

Отворајќи ја седницата претседателот на Извршниот одбор **Ѓорге Андонов** ги искажа успесите на здружението во остварувањето на програмските цели и активности во 2011 година. Тој посебно го истакна солидарно–социјалниот аспект во дејствувањето на Здружението и ги назначи и успесите во пензионерските спортски натпревари, во Ревијата на песни, музика и игри и активностите на КУД „Пензионер", а благодарници им врачи на поединци и на организации, меѓу кои и на претседателот на СЗПМ и на градоначалниците на Скопје и на Гази Баба.

За успешната соработка со Здружението, претседателот на СЗПМ Драги Арги-



ровски, благодарници му врачи на ЗП Гази Баба, како и на поранешниот претседател **Душан Перески** за придонес во работата на органите на СЗПМ. Притоа тој го истакна значењето на одбележувањето на јубилеите и и се осврна на постигнувањата што ја карактеризираат 2011 година како мошне успешна. Претседателот Аргировски, исто така, ги информираше присутните за редовното усогласување на пензиите според Законот и вонредното зголемување од 5 отсто што треба да се реализира во 2012 година.

**М.Д.**

ЗП Карпош

# Свечено врачени благодарници

Здружението на пензионерите Карпош во Скопје по повод 65–годишнината на пензионерското организирање на Македонија одржа свеченост на која покрај голем број на пензионерки и пензионери присуствуваа и градоначалникот на општината Стевче Јакимовски, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и други гости.

Свеченоста се одржа во ресторант "Македонска куќа" со настап на пензионерскиот хор, а пригодно излагање за историјатот на пензионерското движење во нашата земја и во општината имаше **Јован Гиновски,** претседател на Собранието на Здружението на пензионерите на Карпош. При тоа тој посебно ги истакна новите задачи во дејствувањето на оваа невладина и неполитичка организација за подобрување на стандардот и квалитетот на животот на пензионерите и го потенцираше значењето на соработката со локалната самоуправа. На таа тема говореше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** при што



за успешната соработка со градоначалникот Стевче Јакимовски му ја врачи јубилејната благодарница на Сојузот, како и на ЗП Карпош и на Јован Гиновски.

Заблагодарувајќи се градоначалникот **Стевче Јакимовски** истакна дека како и досега и понатаму во оваа општина ќе се создаваат услови за зголемена активност на пензионерската организација со отворање нови клубови за дневен престој и слично.

**Л.Т.**

Здружение на пензионери – Кочани

# Концерт и врачување на признанија



Здружението на пензионери на Кочани на 7 декември одржа свечен концерт со кој беше одбележана 65 годишнината од пензионерското организирање во Македонија и 20 години независност на Република Македонија. На свеченоста претседателот на ЗП од Кочани, **Ѓорги Серафимов**, обраќајќи им се на присутните истакна дека на 16 ноември 1972 година е формирано и регистрирано Здружението на пензионери од Кочани, кое денес брои 5 350 старосни и семејни пензионери. Во посебно здружение се и 1 200 корисници на инвалидски пензии. ЗП Кочани ги организира пензионерите од три општини Кочни, Зрновци и Чешиново–Обчлешево. Работат пет клуба на пензионери, три во Кочани и два во населените места Оризари и Облешево, а наскоро ќе бидат отворени пензионерски клубови и во населените места Тркање, Горни Подлог и Соколарци. На свеченоста, на дваесетина поединци и организации кои дале придонес во развојот на пензионерската организација во Кочани им беа доделени благодарници.

На свеченоста присуствуваше и на присутните им се обрати Претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, **Драги Аргировски**, кој воедно ги врачи признанијата на градоначалникот на Кочани **Ратко Димитровски** и на уште тројца пензионери за придонес во остварување на целите и задачите на Сојузот, а по повод јубилејот .

Во културно–уметничката пртограма учествуваа ЗП Берово и ЗП Кавадарци кои настапија со солисти и пејачка група исполнувајќи песни од Малешевијата и Тиквешијата. Настапија и пензионери од ЗП Кочани, кои пред присутните се претставија со фолклорната група, со солистите на народни песни, со изворниот оркестар, како и со групата „Доминго росос" која исполни песни со мексикански мелос, а која исто така ја сочинуваат пензионери.

Вечерта заврши со заедничко дружење до раните утрински часови во хотелот "Национал" во Кочани, каде што песната и музиката ги веселеа пензионерите од Берово, Кавадарци и Кочани.

**К.Герасимов**

ЗП Демир Хисар

# Достоинствено одбележани трите јубилеи

Под покровителство на градоначалникот на општината Демир Хисар, Тони Ангелевски, во Демир Хисар, се одржа свеченоет по повод 65 години од пензионерското организирање во Македонија и 20 години од независноста на Република Македонија.

Во преполнетата сала на Домот на културата, во присуство на претставници на Сојузот на пензионерите на РМ и гости од здружението на пензионерите од Прилеп, на присутните им се обрати градоначалникот на општината **Тони Ангелевски**, кој честитајќи ги двата големи јубилеа, покрај другото рече:

–Оваа свеченост е добра прилика и можност да се зборува и да се покаже, дека за да се прифати и живее во таканареченото "трето доба" и не е потребна толку голема животна трансформација. Вие покажувате, дека годините не признаваат граници, дека Тркалото на Времето продолжува да се врти, дека времињата доаѓаат и заминуваат, оставајќи зад себе сеќавања кои прераснуваат во легенди. Покажувате, дека третото животно доба може исто така да биде интересно и убаво.

Во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на РМ, на присутните им се обрати претседателот **Драги Аргировски** кој пред присутните, на организаторите на прославата, здружението на пензионерите Демир Хисар, им оддаде јавно признание за



разултатите во локалното пензионерско организирање, постигнати во последниов период.

Претседателот на ЗП Демир Хисар, **Драган Ангелевски**, на заслужни поединци и организации им додели благодарници и признанија за придонесот во организирањето на пензионерите во општината Демир Хисар.

Во културно – уметничкиот дел од програмата, настапија пејачки и фолклорни групи и солисти од здруженијата на пензионерите од Прилеп и Демир Хисар.

**Б. Шундовски**

Свечена седница на Собранието на Здружението на воени пензионери

# Одбележување на трите јубилеи

Собранието на Здружението на воените пензионери, по повод одбележувањето на 65–годишнината од пензионерското организирање и 20– годишнината од осамостојувањето на Република Македонија, како и започнувањето на подготовките за одбележување на 20 години од формирањето на ова здружение, на 9. декември во Домот на АРМ одржа Свечена седница. Претседателот на Здружението **Драган Бозарески** поздравувајќи ги гостите, а посебно претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и претседателот на Здружението на воено–полициските ветерани, **Илија Николовски,** го истакна значењето на јубилеите и зборуваше за настанувањето и развојот на пензионерската организација. Во одбележувањето на 65 годишнината на пензионерското организирање, рече тој, со бројни активности беше вклучено и ова здружение. Потоа даде краток осврт на развојот на Здружението на воените пензионери и го назначи придонесот во надминувањето на проблемите и подобрувањето на квалитетот на животот на членството, особено во времето на транзицијата, кога од повеќе причини и околности воените пензионери беа оставени на маргините на општеството. Претседателот Бозарески зборуваше и за активностите и дејствувањето на Здружението во текот на 2011 година и за успешното вклопување во СЗПМ и соработката со другите здруженија во земјата. Посебно ја нагласи соработката и меѓусебното дружење со ЗП Куманово, чие Културно уметничко друштво во Домот на АРМ во Скопје двапати гостуваше со претставите „Ленче кумановче" и „Шути и рогати".

Во поздравниот говор, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му оддаде признание на Здружението за успешните активности, особено за организацијата на прос-



лавата на Јубилејот на СЗПМ и на Регионалната ревија на песни, музика и игри во Домот на АРМ, како домаќин, а зборуваше и за некои новини и активности околу средувањето на евиденцијата за членството на здруженијата. За досегашната успешна соработка со Сојузот тој му врачи благодарница на претседателот Бозарески. Честитајќи им ги престојните празниците на сите им посака добро здравје и поинтензивно дружење и релаксација, за полесно справување со пролемите и активно стареење.

**М.Д.**

ЗП Крива Паланка

## Свечена седница на Собранието

По повод 65 години од пензионерското организирање во Македонија и 39 годишнината од основањето на Здружението на пензионерите од Крива Паланка, во големата сала на Советот на општината на 15 декември се одржа свечена седница на која пригодно обраќање имаше претседателот на здружението **Славе Стојановски** кој при тоа се задржа на целите и задачите на пензионерското организирање и на остварувањата на полето на културно–забавниот и спортски живот, на рекреативното дружење, солидарниот фонд, хуманитарната помош и друго. Претседателот Стојановски укажа и на одличната соработка со локалната самоуправа, како со здруженијата на пензионерите од регионот и со соседните држави Србија и Бугарија.



Претседателката на Советот на Општина Крива Паланка **Милка Митовска** откако го истакна успешното пензионерско организирање во општината ги потенцира напорите на локалната самоуправа за вклучување на пензионерите во изворното информирање за работата на Советот, за која цел е донесена Одлука за присуство на претставници на Здружението во работата на Советот на општината.

Импресивно обраќање имаше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** нагласувајќи ги постигнатите резултати на организацијата и наредните задачи поврзани со подобрувањто на стандардот на пензионерската популација и создавање на услови за активно стареење и меѓугенерациска солидарност и соработка. Претседателот Аргировски свечено ги врачи и јубилејните благодарници на СЗПМ на Здружението на пензионерите и на градоначалникот на оипштина Крива Паланка, како и на истакнатиот активист Арсен Илиевски.

**Л.А.**

## Предновогодишна средба во пензионерскиот дом во Аеродром

Градоначалникот на Општината „Аеродром" **Ивица Конески** на 16–ти декември го посети пензионерскиот дом во Аеродром.

На оваа средба присуствуваа и Трајко Премчески заменик директор во Фондот за ПИОМ, д–р. Крсте Ангеловски– претседател на Сојузот на пензионерите на град Скопје и Павле Спасев, претседател на ЗП „Центар".



Целта на посетата беше градоначалникот да ги слушне проблемите на пензионерите за побрзо да се решат, а и да им ја честита Новата 2012 година.

Наместо поплаки градоначалникот слушна само пофалби од пензионерите. Тие се согласија со нивниот управител Вељан Стојковски дека општината „Аеродром" е една од најчистите населби во Скопје и најубаво уредена. Секојдневно има екипа што ја одржува хигиената околу домот. Има прекрасен парк со убаво зеленило и клупи. Единствен проблем, забележаа пензионерите е тоа што во близина не поминува ниеден автобус на ЈСП, па пензионерите мора да пешачат до Булеварот што за многумина претставува проблем, заради годините,

Пензионерите ја поддржаа иницијативата за годишен билет од 1200 ден за автобусите на ЈСП, со цел да се надминат турканиците во автобусите во вторник и петок.

Градоначалникот Конески изрази спремност да помогне во решавање на секоја потреба, секој проблем на пензионерите, и им подари пригодни подароци.

**Ц.Илиева**

ВО ВИНИЦА

## Свечена седница по повод 65 години пензионерско организирање

Собранието на Здружението на пензионерите на Општина Виница на 18.11.2011 година одржа Свечена седница по повод 65 години од пензионерското организинирање и 20 години независна Република Македонија. На свечената седница претседателот на Здружението на пензионери од општина Виница, **Младен Петров** презентираше реферат за значењето на пензионерското организирање и додели 27 благодарници на заслужни пензионери и организации кои дале придонес во развојот на Виничката пензионертска организација.




Подмладокот на Црвениот крст од Виница на присутните пензионери им се претстави со неколку поетски творби, а машкото трио на гитара ја збогати програмата со музика од виничкиот крај.

На свечената седница на Виничката пензионерска организација присуствуваа како гости и претсдателите на пензионерските здруженија од Кочани, Штип и Македонска Каменица, додека Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија го преставуваа **Ѓорги Серафимов и Александар Захариев,** членови на Извршниот одбор на Сојузот.

**К.Герасимов**

Кавадарци

## Инвалидските пензионери добија помош

15 члена на Здружението на инвалидски пензионери од Кавадарци добија хуманитарни пакети во акцијата што ја организираше здружениетопо повод Новата година. Најзагрозените пензионери добија храна и сретства за хигиена од средства издвоени од членарината која ја плаќаат во здружението кое брои 1200 членови, а им беше поделено и по една вреќа брашно донација од кавадаречката фирма „Слога". Претседателот на здружението **Стојче Ристов** истакна дека со овој хуман гест сакаат да им покажат на нивните членови дека не се заборавени и дека здружението мисли на нив. Семејствата кои што примија ваква помош се задоволни и среќни дека некој се сетил и на нив.




**С.Д.**

## Достоинствено прославен десетгодишен јубилеј




На 22 декември 2011 година пензионерите од ЗП Ѓорче Петров достоинствено ги одбележаа четирите јубилеи: 10 години постоење на здружението, 65 години од пензионерското организирање во Македонија, 15 години на општината Ѓорче Перов и 20 години слободна и независна Македонија. На свечената седница на Собранието на ЗП Ѓорче Петров присуствуваа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначалникот на општината Сокол Митровски, кој е и покровител на одбележувањето на прославата, претседателот на Сојуз на здруженијата на град Скопје Крсте Ангеловски, претставници на раководствата на ЗП Сарај, Тафталиџе, Карпош и Кочани, како и досегашни претседатели на здружението до сега.



Во преполната сала со пензионери од ЗП Ѓорче Петров најпрво присутните ги поздрави и им се обрати претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, при што им ги честита јубилеите и го изрази своето задоволство што може да констатира дека ова здружение е едно од најкомпактните во Сојузот. Потоа на присутните им се обрати градоначалникот Сокол Митровски кој е еден од градоначалниците кои се залага пензионерите да си го завземат местото кое им припаѓа. Тој е пример како општината и локалната управа соработува со најстарите жители.

Своe излагање за активностите во изминатите 10 години имаше претседателот на Извршниот одбор на ЗП Ѓорче Петров, Методија Новковски. Сите троица покрај другото им ја честитаа Новата 2012 година на присутните пожелувајќи им добро здравје и активно стареење.

На свечената седница беше промовирана и Монографијата на здружението „Актиности низ години" по повод 10 годишниот јубилеј. За монографијата зборуваше Љубе Ристевски кој истакна дека таа е белег за дејствувањето на неколку генерации пензионери и трага кој ќе остане за во иднината. Монографијата да биде издадена потпомогнала општината и компанијата Хемо фар.

Претседателот Аргировски потоа им врачи благодарници од Сојузот на Градоначалникот, претседателот на здружението и на здружението. Благодарници за придонес во здужението добија повеќе пензионери од ЗП Ѓорче Петров.

**К.С.А.**

## Благодарници за СБМ и СЗПМ

Соработката помеѓу разните здруженија придонесува за заеднички вредности и повисоки достигнувања. 2011 година свој јубилеј имаше Републиката со 20–години независност, а јубилеи имаа и институции, здруженија и поединци. Се славеше 65 години пензионерско организирање во Македонија. СЗПМ додели благодарници на заслужни организации и истакнати поединци. На пригодна средба во службените простории на скромен, а сепак свечен начин благодарница од СЗПМ предаде претседателот Драги Аргировски за Сојузот на борците на Македонија од НОАВМ 1941–1945. Тој притоа зборуваше за пензионерското организање и посебно за соработката со исто така значајниот Сојуз на борците на Македонија која е зацврстена и со заеднички Меморандум.



Благодарницата ја прими и се заблагодари претседателот на СБМ, **Тодор Атанасовски**. Едновремено по повод значајниот јубилеј 70–годишнината од востанието 1941 година генералот Атанасовски врачи Благодарница од СБМ за СЗПМ. Тој зборуваше за потребата соработката да се продлабочи во интерес на сите генерации во денешна слободна и самостојна Македонија. Тој нагласи дека денешните резултати во развојот на татковината се потпираат на резултатите од НОАВМ чиј карактер беше антифашистички и народноослободителен.

**И.Г.**

Десет години од формирањето на Здружение на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на РМ

## Импресивна прослава на јубилејот

Дестгодишнината од формирањето на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста се совпадна со одбележувањето на јубилеите: 65 години од почетокот на пензионерското организирање и 20 години од осамостојувањето на Република Македонија. По тој повод, Здружението на ветераните, на 16 декември, во Домот на АРМ организираше свеченост на која, покрај членовите на Собранието и на ИО, присуствуваа: претставници и гости од ГШ на АРМ и МО, пензионирани генерали и истакнати старешини, претставници на воено–дипломатскиот кор од Кина, Русија, Турција, Германија, Бугарија и Холандија, делегации на странски здруженија, меѓу кои и претседателот на Сојузот на офицерите и сержантите од запаса и резерва од Република Бугарија, генералот **Стојан Топалов**, претседателот на Здружението на воени пензионери на Република Србија, генералот **Љубомир Драгањац**, претставник на ветераните од Република Албанија, полковникот **Петрик Менај** и други гости.



Свеченоста ја отвори членот на ИО на Здружението, генералот во пензија **Борис Стојаноски**, а за настанокот, растежот и дејствувањето на Здружението говореше претседателот, генералот во пензија **Илија Николовски**. Тој истакна дека Здружението е консолидирано, стабилно и препознатливо во невладиниот сектор во Републикава и пошироко, особено по тоа што успеалао да ја промени перцепцијата за поимот „ветеран" и да придонесе за намалување на јазот помеѓу политичката и безбедносната култура на граѓаните и политичарите. Потоа говореше за дејствувањето и грижата за заштита на статусните и социјалните права на членството и за соработката со СЗПМ и другите здруженија во Македонија и на Блаканот.

Собирот го поздрави генерал Тошо Атанасовски, претседател на Сојуз на борците на Македонија.

Честитајќи им го Јубилејот на славениците, претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** го истакна значењето на соработката на ветераните од одбраната и безбедноста со ветераните на трудот, како и обостраното ползување на неисцрпното искуство, мудроста и капацитетот на членството за поголем придонес во изградбата на Државата и за негувањето на традициите и развивањето на патриотизмот. По повод празникот на ова здружение тој му додели Благодарница од СЗПМ и му посака поголеми успеси. Здружението на ветерани за успешно дејствување, соработка и постигнати резултати, плакети и благодарници додели на истакнати поединци и ограноци.

**М.Д.**

**ОД СВОЈ АГОЛ**

# Зголемување на пензиите!

Не сакам да заобиколувам за да дојдам до објаснувањето дали ќе има некакво (посебно) зголемување на пензиите, но и не можам тоа веднаш да го соопштам. Пензионерите очекуваат ветувањата на одговорните што поскоро да се исполнат, иако понекогаш има оправдување зошто работите не одат според планираното. Интересот за покачување на пензиите сигурно немаше да биде толку изразен, доколку ситуацијата во која се наоѓаат пензионерите не го наметнува товарот врз нивниот грб, па во голем број семејства со своите пензии тие да бидат главниот извор на приходи, што е неприфатливо и несфатливо, како што рече во една прилика претседателот на РМ Ѓорге Иванов. Тоа значи обратно поставување на работите, а за да не биде така, треба нешто да се направи и да се зголемат економските можности на Државата. Тогаш младите генерации ќе можат самите да се изборат за својот просперитет и ќе бидат поткрепа за постарите. Но, сега е, како што беше и досега и подолго така ќе остане. Во грижата за обезбедување егзистенционални потреби за живот, најбројната популација од третата доба поголема финансиска поддршка им дава на помладите. Можеби ова немаше да биде проблем доколку пензиите беа пореални и посоодветни на потребите за живот.




Затоа се поставува прашањето за вонредно зголемување, а не само за усогласување на пензиите, кое како право им припаѓа на корисниците според Законот за пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија. Законодавецот утврдил задолжително двапати во годината да се усогласуваат пензиите и тоа во однос на порастот на платите на вработените и порастот на трошоците за живот, а процентот за корекција се пресметува со преполовувањето на процентите од овие два параметри. Ваквото законско решение има намера да се одржува реалната вредност на пензиите по основа на остварувањето на правото на пензија и да се зачува стандардот на пензионерите. Усогласувањето на пензиите, или индексацијата, како што популарно (и понеразбирливо) се кажува, го врши Фондот на ПИОМ врз основа на податоците од Републичкиот завод за статистика. За првите 6 месеци во оваа година тоа изнесуваше само 2,1 отсто. Со ова „покачување" најголемиот дел корисници не се задоволни, бидејќи се уверени дека истото не соодветствува на порастот на реалните трошоци и на падот на животниот стандард.

Иако пензионерите не се задоволни, одговорните тврдат дека обврската за постепено зголемување на пензиите доследно се спроведува и покрај тешката економска ситуација. Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски вели дека еден од приоритетите на Владата на РМ е обезбедување достоинствен живот за старите лица и за пензионерите. Во таа насока, во изминативе 4 години, пензиите биле зголемени во просек за 33,5%, а најниската пензија за 40 отсто. Според Програмата за работа на Владата, во наредниот период се предвидува и вонредно зголемување на пензиите од 5%, 7,5% и од 10%, најверојатно со примена на познатиот дегресивен начин – на помалите пензии да им се даде повеќе, а на поголемите помалку, или на сите подеднакво во определените периоди! Меѓутоа, програмата е само програма, а реализацијата е нешто сосема друго. Затоа останува пензионерите да чекаат и да се надеваат истата во целост да се оствари.

За да нема забуна околу зголемувањето на пензиите, би дал уште едно објаснување. Не треба да се меша редовното усогласување на пензиите со вонредното зголемување на истите, а ниту пак процентите од редовното да се додаваат врз оние од вонредното, што е во надлежност на Владата. Тука Законот е дециден и без оглед на причините, не е допуштено собирање на процентите за да се зголемат импресиите за покачувањето на пензиите. На пензионерите тоа им е добро познато и никој не треба да се залажува дека може да ги забошотува.

Но, како и да било и понатаму ќе има усогласувања и зголемувања на пензиите со нагласена грижа кон пензионерите како обврска за одржување на стандардот во границите на нормалното и достоинственото. Во тој однос и СЗПМ, презема конкретни мерки и активности. Раководството достави предлози до Владата на РМ за 2012 година за редовно, навремено и со закон уредно усогласување на пензиите, но и за потребата од вонредно зголемување. Предложи и решавање на приоритетни прашања од Националната стратегија за стари лица, за забрзана изградба на домови за пензионери и стари лица, донесување посебен Закон за пензионерско организирање во РМ, формирање Национален совет за стари лица како независно тело на Владата, воведување право на бесплатно здравство и лекови за лица постари од 65 години и друго. Во пакетот предлози посебно е нагласена поддршката на Сојузот за нови капитални инвестиции за зголемување на вработеноста, а со цел создавање посигурни извори и средства за исплата и покачување на пензиите.

**Мендо Димовски**

**ПИСМО**

Како и со колкава пензија се „наградуваа(т)" пензионерите сега и порано

# Дискриминација кон поранешните пензионери

Во демократскиот свет (во Западот) нема драстична разлика кај пензиите како што тоа е кај платите. Кај нив има три–четири категории пензии.

А, кај нас? Катастрофа! Не само што има огромно несразмерна разлика во висината на пензијата кај лица со различни професии и работни места, туку големи и нелогични се разликите кај пензионери со целосна идентичност како по образование, така и по работен стаж!? Па тогаш, каде е проблемот, ќе се запрашате. И, згора на се, зошто толкава диспропорција, нееднаквост. Далеку сме од помислата дека треба изедначување на пензиите, но Владата и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ТРЕБА да забележат катастрофална неправда при одредување на пензиите во текот на 2011 година, да ја споредат годинашнава пензија со пензијата на лице пензионирано пред неколку години, а со стопроцентна идентичност во сите критериуми што се бараат и одредуваат за пензијата.

Една сиромашна земја, како нашава Македонија, не смее да дозволи еден професор сега да се пензионира со 22–23000 ден. пензија (што е голема пара во споредба со општ работник кој работи за 9.000 денари месечно), други негови колеги, пензионирани пред 3–4 години, да добиваат (реална) пензија од 14–15.000 денари, кои во сите параметри се еднакви? Па, нели е тоа разлика од 40–50% и тоа за само 2–3 години?! Немаме инфлација поголема од 2–3% што значи дека изгубени се сите логичности и критериуми,

Кога ги спомнав моите колеги–просветни работници, има ли некој кој да води сметка колку „советници" седат во канцелариите на Бирото за равој (или за одвој) на образованието? Близу 180 „денгубаши" по цел божји ден се криjат од срам да не ги видат дека на работа– ништо не работат? А, пред да бидат пензионирани, добиваат дупло повеќе од тие што работат и што навистина работеле!?

Не треба да се биде многу умен, треба да се проверат состојбите на терен, да се видат документите, но и резултатите. Дали ни е малубројна администрацијава, па да нема кој кого и за што да контролира?

Ќе бевме многу побогати, ако сме и бевме поодговорни во извршување на работните задачи. Не ни достасува самодисциплина, очевидно.

**Веле Алексоски,**
**професор во пензија**

Интервју со претседателот на ЗП Велес, Љубомир Ѓорѓиев

# Дом за дневен престој - насушна потреба

**Приоритетни задачи на Здружението на пензионери - Велес во новата година се интересите и потребите во остварувањето на правата и решавањето на прашањата за поквалитетен и подостоинствен живот на пензионерите, на кој начин тоа ќе го остварувате во 2012 година?**

– Потврдувајќи се како независна, самостојна, непартиска и мултиетничка организација, дејствувајќи согласно со новиот Закон за здруженија и фондации, со Статутот и општите акти, усогласени со законот, во 2012 година, ќе се ангажираме за доследно остварување на уставните и законските права на пензионерите од областа на социјалната сигурност и за подобрување на нивната општа и материјална состојба.

„Стратегијата на Владата на Република Македонија" за соработка со невладиниот сектор, „Меморандумот за соработка" потпишан помеѓу Заедницата на единиците на локалната самоуправа ЗЕЛС и СЗПМ, обврзуваат:

„Градоначалниците да потпишат Спогодба за соработка со локалните здруженија", која ќе им овозможи на претставниците на здруженијата на пензионери да учествуваат во работата на Советот на Општината, кога се разгледуваат прашања од областа на социјалната заштита, здравството, домувањето, отворањето клубови за дневен престој на стари, сами и изнемоштени пензионери...

**На што ќе биде ставен главниот акцент во дејствувањето?**

– Во почетокот спомнав, ќе ги следиме остварувањата со закон обезбедени права на пензионерите и заедно со СЗПМ ќе настојуваме, исплатата на пензиите да биде редовна, да се подобри снабдувањето со лекови и да се постапува по етичкиот кодекс за стари лица.

Како здружение, посебно ќе се приклучиме кон барањето на ИО на СЗПМ за вонредно зголемување на пензиите, заради настанатите диспропорции во нивото на пензиите поради несоодветната примена на механизмот на усогласување според законот. Ќе ја поддржиме и



постапката за донесување Закон за проширување на правото на социјална државна пензија за лица постари од 65 години, посебно за оние кои немаат други средства за живот, како и да се укине партиципацијата за лекување и лекови за лица постари од 65 години, или да биде помала.

Заедно со Центарот за социјална работа, Црвениот крст и со други невладини организации, ќе се залагаме пред надлежните, државни и хуманитарни организации, на постари и болни пензионери да им се помага за доделување соодветна материјална и друг вид помош.

**Во годишната програма за дејствување во 2012 година планирате активности за подобрување на квалитетот на пензионерскиот живот. Поконкретно на што се однесува тоа ?**

– Во зависност од расположливите финансиски средства и од пројавениот интерес, содржан во оперативната програма на активности, Здружението ќе се грижи за унапредување и омасовување на спортскиот живот, рекреацијата и културно–уметничките дејности, анимирање на музички, фолклорни и пејачки групи, преку настапи на локални, регионални и републички пензионерски спортски натпревари, ревии на песни и игри, театар, изложби, промоции, посети на историски и рекреативни места во Републикава, преку проширување на разни форми на културно–уметничкото изразување на пензионерите, активно учествувајќи во културно–уметничките и забавните манифестации во повеќе градови во Македонија.

Покрај ова и натаму ќе организираме предавања од областа на правната и здравствената заштита, исхраната и културната сфера, а особено на спроведување превентивни медицински активности: мерење крвен притисок, шеќер во крвта, лабораториски анализи и сл. На преден план се разговорите со стручни лица, на теми за кои се интересираат пензионерите, а за соговорници обезбедуваме високостручни кадри, кои со својот настап будат интерес кај сите присутни.

**Во минатиот период ваши пензионери одеа на бањско лекување и на рекреација. За нив обезбедувавте партиципација, дали и натаму тоа ќе го практикувате?**

– Организираното користење одмор и рекреација во одморалишта во нашата земја, како во претходните, така и во 2012 година, ќе продолжи.

Здружението ќе партиципира 20% во трошоците за десетдневен престој, според одлуката на ИО, со упатница издадена од стручната служба, но само за она одморалиште, со кое под поволни услови здружениево ќе склучи договор.

**Домот за дневен престој, секогаш е полн со пензионери. Има ли можност за изградба на нов?**

– Тоа е можно само во соработка со органите на локалната самоуправа, урбаните и месните заедници и со надлежните субјекти во градов и во населените места. Покрај објективните тешкотии на овој план, сериозно ќе пристапиме кон обезбедување минимални просторни услови за работа на ограноците. По ова прашање, често расправаме. Меѓутоа, досега не најдовме соодветно решение. Проблемот е јасен. За изградба на клубови, потребни се големи финансиски средства. Членарината, која речиси не е доволна да ги покрие трошоците за: струја, парно греење, вода, набавка на опрема, средства за одржување на хигиената, разни поправки, бојадисување и варосување на просториите и друго. Во разрешувањето на ова прашање, со наша помош, треба активно да се вклучи локалната самоуправа, преку имплементирање на Владината стратегија, насловена како „За достоинствена старост".

**Информирањето е главна алка меѓу здружението и членовите, како го обезбедувате?**

– Транспарентноста на работењето беше и останува трајна задача. Создававме и ќе создаваме услови за подобро информирање на пензионерите и на граѓаните на Велес, тоа го наложува и Законот за здруженија и фондации. Досега членовите редовно ги информиравме преку избраните делегати, дебатни состаноци, трибини, за кои јавуваа и пишуваа локалните и републичките радио и ТВ–станици, електронските и печатените медиуми, дневниот печат. Службените соопштенија редовно ги истакнувавме на огласната табла (која се уште ја користиме). Дел од активностите објавувавме и во весникот „Пензионер плус". Меѓутоа, некои сметаат дека тоа не е доволно. Од анкетата што ја спроведовме, насловена: „Колку сте информирани", забележавме дека некои членови, особено оние кои недоволно читаат, слушаат и гледаат ТВ, велат, дека доволно не се информирани.Е, па можно ли е да си информиран, ако не си заинтересиран.

За поквалитетно информирање, во 2012 година, ќе пристапиме кон отворање сопствена ВЕБ–страница и билтен кој наскоро ќе почнеме да го издаваме!

**65-годишнината од пензионерското организирање во Македонија и 20-годишнината од независноста на нашата татковина, ги прославивте на свечен начин. Што следи во 2012?**

– Меѓународниот ден на жената Осми март, позначајните републички и верски празници, 20–ти Септември – Денот на пензионерите и 9–ти Ноември – Денот на ослободувањето на Велес, свечено ќе ги одбележиме, бидејќи се совпаѓаат со 55–годишнината од формирањето на нашето Здружение.

**Одново да се вратиме на прашањето за домовите за дневен престој. Што е со пензионерскиот дом „Вила Зора"?**

– Што е?! На сите им е познато, само на некои не, дека тој дом е граден за пензионерите (40%) и за борците (60%). Независно од тоа што е граден за нив, сега е под знак прашање?

За тоа, чиј е домот „Вила Зора", државен (како, кога пензионерите и борците за кои е граден, не се државни!). За разрешување на ова прашање, поведен е судски процес, кој за жал, долго, многу долго трае и се чека конечната правосилна пресуда. Дури по тоа ќе се знае дали ќе остане во сопственост на оние за кои е граден, или неправедно ќе им биде даден на оние кои сакаат да го имаат. И додека долго се чека на пресудата Домот „Вила Зора" полека но сигурно се распаѓа! Токму затоа и даваме логистичка поддршка на работната група при СЗПМ, која има задача, да ги разгледа проблемите настанати со промената на статусот на домовите во нашава република и преземањето и отуѓувањето од страна на државата, конкретно и за домот „Вила Зора" којшто во моментов бесправно се одзема и се пренаменува за други цели!

**Божана Ќулавкова**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Ах, тој немир, таа болка, таа љубов...

Авторот, чијшто поетопис е предмет на мојава опсервација, не е професионален поет. **Методија Тошевски** е експерт во економската струка. Иако со студиите на книжевност не се станува творец, теоретските знаења на секој поет му се од припомош. Нашиов поет трпеливо **сам** ги совладува тајните на певот **со својата дарба,** со читање и мечтаење. *„Ако повремено мечтаење може да биде опасно, лекот не е во тоа да престанеме да мечтаеме, туку да мечтаеме постојано. (**М. Пруст**)*

Овие напомени **не се алиби** за евентуални неотпорности на поетскиот израз, туку израз на длабока почит за напорот на Тошевски кој и покрај професионалните обврски ѝ остана верен на поетската страст и ја практикува колку што му допушта времето. Се надевам, му помага **да си одлесни од маката.** Во едно неодамнешно интервју на прашањето дали му недостига време, ќе рече: **...имам време, не сакам да си признам дека ми недостасува. Го позајмувам од најблиските: *„Додека жена ми спие како на жетва/ Под изгорена круша/ И гледам како и црвенеат образите”...***

**Роден е на 18. 03. 1941 во село Ранци, Беломорска Македонија.** Основно и средно образование заврши во Лешок и Прилеп, а високо и магистратура по кредитно–монетарни прашања на Економскиот факултет во Скопје. Работи во државната управа (планирање и развој, финансии и ревизија), во банкарството и стопанството. Има објавено над 60 стручни и научни трудови од неговите области.

Автор е на повеќе книги поезија: **И коренот има корен, Гротло, Ровја, Меѓа,** изборот во четири книги: **Проверка, Додека чекам, Куќата и Јаска.**

Пишува исклучиво поезија. **Љубопис!** Секоја поезија и условно и безусловно е љубовна, **дури и тогаш кога љубовта ја нема.** Нејзиното **отсуство е само една можност таа да се случи**. Инаку, **каде без неа?!** Љубовта е иманента и во болот: **болуваме по она што го сакаме**. Ако за миг ја прифатите мојава теза, нема да ви биде тешко да сфатите дека неговата творечка енергија пред сѐ е насочена кон егејскиот егзодус, кон згаснатото родно огниште, кон копнежот на откорнатаиците по коренот: ќе опстане ли и ќе разластари, ќе ја стокмиме ли Татковинава *„**како милоина**”,* како што сонуваше Гане, во која и *„ѕвездите шепотат **на македонски**,* како што ги слушаше Анте. Сега нѐ убедуваат **да го преименуваме говорот на нашата крв**, **да го заборавиме името и она што насилно е откинато од живото ткиво на Татковината.** Затоа во песната **Мојот син учи географија,** ќе го зашемети умното детско прашање: **Каде е Македонија на дедо му:** *Што да му одговорам се прашувам себе / Те прашувам тебе и тие до тебе / .... Што да му одговорам, боже?* Детето несвесно трага по **идентитетот. Архетипското во него бара одговор**. *„Тоа се тие свети места во литературата во кои е зачуван нашиот живот уште пред да се зачне”* ќе запише **академик Маџунков,** во духот на **Карл Густав Јунг**.



За **копнежот по морето, на Вардар** ќе му **се** довери како на најблизок: ***Што да тиречам/ Секое болување по морето/ Со твојата вода го исцелуваме.*** Или на **Кукуш: *...На дофат си ми а далеку цела вечност/ Кога погледнувам преку езероно/ Беласица и Круша ќе ти посведочат/ Дека не те двојам. Нели сме деца на иста мајка.***

**Малку ли љубов има** во стиховиве. Отворете ги збирките **потамина**, секаде ќе ја сетите истата нежност, истата љубов: како во трите **класичните сонетни венци** и другите сонети; така, заедно со болката, ја има и на сите места од детството, на сите места кои се значаен историски белег: од паметник до пресудна битка или трагична погибија: ***Горостасу, низ какви сѐ гори не си минал/ За да стигнеш на овој пост/ И да бидеш тоа што беше, тоа што си/ И извор и тек и уток/ На моите надежи. .....Како те прелажа Баница, пред Илинден.***

Оваа љубов, вообичаено се нарекува патриотизам. Коренот на зборот е туѓ, но значењето е наше: **љубов кон Татковината.** Но му недостига **Мајковината како дел од целото.** И' го дава заслуженото место: **на пиедестал.**

Летимичниот поглед врз ова поетско писмо ќе го завршам со одговорот на прашањето во песната со наслов **Зошто ги пишувам песните: *Ти сепак треба да знаеш/ Ние сме прогонети чеда на мајковината/ Дојдовме една пролет/ Копнееме да се вратиме како преселниците/ На пепелта, на огништето ....Ако животот е тркало треба да стигнеме/ од кај што појдовме.... Да ти кажам да пренесеш/ Да не се заборави она што не се заборава.***

**Спевот Јаска,** таговно е испеан на **роднокрајниот јазик**, **заучен** уште преку мајчиното млеко. Неговата примена самата се наметнала оти е **вик**, **рев** на **јазикот како целокупна татковина**, како што го дефинираше Конески. Во него **густо,** се испреплетени малкуте радости, љубовта, раѓањата, умирањата, прогоните и бежанијата, тажаленките над рубата во невестискиот ковчег и над гробот на својот домаќин, додека 40 дена по смртта талка без посока и пак ги изодува сите живótни врвици. **Е, од таа татковина никој не може да те нападни. Во неа си вечен**.

Немир тревожен, срце растреперено, душа ранета. Непребол. Има во овие стихови сешто. Наместа низ **„тих реч”**, внимателно, како родител на дете тајна кога му шепнува. Другаде со **стегната тупаница**. **На зборот му е неудобно само во основното значење**. **Контекстот** му помага асоцијативно да се раскрили во својата многузначност. Тоа е магијата на поезијата. Без таа магија нема **поезија, која по дефиниција е еден посебен начин на мислење и осознавање на светот,** преку која се прави напор да се дешифрира загадочното, неименливото, заумното. ...**„*Со морето в грло остануваме жедни/ Лудо срце, виде ли...*** пека поетот. Ви го препорачувам, драги читатели, **тој трепет:** да го осознаете, да го почувствувате за да стане и **ваш, наш, сечиј, македонски**! **Да се случи љубов**! И не само заради болот **„најбол што е“**, не само во името на љубовта, туку и заради **самата поезија,** оти без читател **ќе умре,** ќе исчезне како и да не се родила. **Јас, вие, сите ние ѝ даваме дел од себе**, од својата имагинација, од својата промисла и енергија. **Му помагаме на авторот да се доречe низ нас.**

**Методија Тошевски е самосвоен поет, специфичен по надворешните и внатрешните одлики на стихот. Но над сѐ е бескрајно искрен. Го заслужува нашето полно внимание и респект.**

**Борис Шуминоски**

# Реализирани повеќе активности



**Здружението на пензионери на Кисела Вода е едно од поголемите во државава. Од април 2011 година Вие сте претседател на ИО на Здружението. Кој е предизвикот да се организира членството и како успевате во тоа?**

Здружението има од 10 до 11 илјади пензионери. Тоа опфаќа територија на четири општини и тоа Кисела Вода, Сопиште, Зелениково и Студеничани. Организирани сме во 12 ограноци што имаат по еден клуб за најразлични активности. Тие се самофинансираат со дел од членарината на пензионерите. Ограноците имаат одбор на чело со претседател. Активностите на ограноците одат преку одборите кои се во тесна врска со стручната служба на здружението. Ограноците своите активности ги извршуваат во клубските простории кои половина се сопственост на здружението, еден дел се државни, дадени на бесплатно користење, а за дел се плаќа кирија бидејќи се под наем.

**Кои се главните насоки и приоритети и на кој начин дејствувате?**

На ниво на здружението се прават годишни финансиски планови и планови за активности. Нив ги донесува и ги одобрува Извршниот одбор на здружението. Со финансискиот план се предвидуваат средства за сите активности на пензионерите. Тоа се спортски игри, еднодневни излети низ државата, фолклорни и музички случувања, заеднички пречек на Нова година, дружење во здружението и другите здруженија во градот, организирање хуманитарни акции и слично.

**Како ги решавате тековните проблеми на членството?**

На ниво на здружението постојат повеќе комисии за решавање на различни проблеми меѓу членовите. На пример, комисија за социјални прашања на најзагрозените им одобрува неповратна помош. На пензионерите со ниски примања им се овозможува користење на рекреативниот центар во Катланово со плаќање на 50 отсто од трошоците за престој. Се организираат акции за испитување на параметрите на крвта и шеќерот, и тоа три пати годишно, на кои се пријавуваат околу илјада пензионери. За еднодневните излети здружението обезбедува бесплатни автобуси за одредените релации и места што ги посетуваат пензионерите.

**Се вклучувате ли во хуманитарни акции?**

Што се однесува до ваквите акции, во ограноците се одвиваат конкретни активности во кои се вклучени поголем број пензионери. Се собираат средства за болни и изнемоштени лица, се организираат најразлични акции преку невладиниот сектор, се организираат работилници, а им се помага и на лица со хендикеп и нарушено здравје.

**Каква е соработката со другите здруженија од градот и од државава?**

Соработката главно се одвива на сите полиња, особено во културно-забавниот живот, во спортските активности, но и во одбележувањето јубилеи. На најуспешните и на најкреативните им се доделуваат дипломи и благодарници. На тој начин се подигнува духот и моралот на пензионерите.

**На крајот сме на 2011 година. Колку сте задоволни од она што се направи и кои се главните планови за новата година?**

Пред се, успешно е извршена поделбата на здружението со новоформираното здружение „Солидарност” од Аеродром. Се отворија три нови ограноци кои успешно се вклопија со активности. Иако вкупните средства од членарината се помали, но правопропорционално со намалувањето на бројот на пензионерите, од финансиски аспект успешно ги реализиравме предвидените содржини, согласно и со програмата за работа. Имаше и одредени потешкотии, а тоа е обезбедување простории под наем за одредени ограноци. Сметаме дека дел од проблемите што се провлекуваат ќе бидат решени во наредната година, а тоа сепак зависи и од локалната власт. Со програмата за 2012 се предвидуваат голем број активности. Во наша организација за новата година се и Регионалните спортски натпревари на кои ќе учествуваат осум здруженија од Скопје и се надеваме дека успешно ќе ги реализираме.

**Христо Марковски**

Траги на времето

# Фолколорното богатство нема цена

Народното творештво, како дел од целокупното литературно творештво на еден народ, претставува богатство што нема цена, одраз на животот, копнежите, страдањата и надежите низ вековите. Со својата вредност, потврдена во времето и судбината на народот, народното творештво (приказните, песните, пословиците, гатанките, предањата итн.), израснува во еден од најзначајните белези на идентитетот на еден народ. Затоа собирачите на народни умотворби го заслужуваат нашиот респект и кај многумина поттикнуваат желба да се вклучат во благородната дејност со цел отпргнување од забот на времето на сите видови народни умотворби.

Еден од таквите ентузијасти е и струмичанецот Иван Котев, пензиониран професор по македонски јазик и историја на југословенските народи. Во својата повеќедецениска работа во областа на воспитанието и образованието, паралелно посетил голем број села и градови и во средбите со средовечни песнопејци и раскажувачи запишал повеќе од 50 илјади песни, приказни, поговорки, гатанки и други видови народни умотворби. Некои од нив ги објавил во своите многубројни изданија, а некои допрва чекаат да видат бел ден.



**- Вашиот интерес за богатствата на духовната народна ризница на Македонија датира од поодамна. Поинтензивна собирачка и проучувачка дејност ја почнувате во 1970 година. Таа дејност трае и денес, дури и поинтензивно. Кога се јави кај Вас љубовта кон народното творештво?**

– Љубовта кон фолклорот ја носам во срцето уште од најраното детство. Во родното Робово, недалеку од Струмица, од моите родители слушнав песни за старите војводи, за големи јунаци кои умирале за Македонија, за нежни љубовни трепети, за вредностите како што е трудот, човечноста, за почитта кон постарите, учителите... со еден збор за животот. Имав голема среќа, мајка ми знаеше многу песни, а татко ми беше прекрасен раскажувач на народни приказни.

**Својот работен век го минавте како просветен работник. Како ја усогласувавте воспитно-образовната дејност со ангажирањето како собирач на народни умотворби?**

– Работејќи како просветен работник, учениците ги упатував и во убавините на народното творештво. Истовремено наоѓав време за средби со луѓе во повеќе села и градови, најчесто во Малишевијата, кои прекрасно пееја и раскажуваа. А јас снимав, запишував, неуморно, секојдневно. Тоа беа мили, незаборавни средби. Сите ме прифаќаа со срце, човечно и топло. Како куриозитет да ја спомнам баба Сава Иванова од Делчево. Нејзините 92 години не и пречеа да ни раскаже една убава легенда за Крале Марко.

За творецот нема пензионирање. Пензиониран е само професорот Иван Котев. Собирачот и регистратор на македонското народно творештво Котев, работи и денес.

**П. Миленкоски**

# Новогодишен букет на желби

Кога на полноќ старата година
со песни ќе ја испратиме
и кога со растреперени срца
Новата ќе ја поздравиме,
тогаш братски ќе пружиме раце,
в китно оро ќе се фатиме
и за сите на светов од желбите
свои
нежен букет ќе направиме;
секој ден од Новата година
нека биде мајски цвет што
расцветува;
секое дете да биде птица
в сино небо што полетува;

О тогаш сите би биле
птици лесни во утро распеани,
би му се радувале на животот,
на сонцето, полињата плодни
посеани.

Но, најмногу, најмногу сакаме
во Новата година Татковината
да ни се разубавува, таа градина
цветна со љубов што ја негуваме.
Ние – вљубените во слободата
во животот и добрината
слобода и сонце
на сите во светот им посакуваме!

**Перо Миленкоски**
**(од збирката „Најубав гердан”)**

# Средба на ЗП Крушево со градоначалникот

На 14.11.2011 година во својот кабинет градоначалникот на општината Крушево **Василчо Дамчевски**, одржа средба со раководството на Здружението на пензионерите. На средбата се разговараше за повеќе прашања од интерес на пензионерите, а кои се набележани во Спогодбата за соработка меѓу ЗП Крушево и Општината. Беше договорено Општината да учествува со свои средства, работна рака и стручен надзор за реновирање на руинираната училишна зграда во с.Пуста Река и Домот во с.Бучин и истите да се приспособат и користат за пензионерски клубови за пензионерите од ограноците. Исто така се постигна договор во помошните тела на комисиите на Локалната самоуправа да бидат вклучени и пензионери соодветно на нивната стручност. На средбата градоначалникот го информира раководството на Здружението за актуелните состојби и активности кои се преземени во Општината. Претседателот на ИО **Никола Николоски** за добрата досегашна соработка, а по повод 65 години од пензионерското организирање во Македонија, на градоначалникот му врачи Благодарница.

**Глигор Ангелески**

## Të nderuar pensionistë të tanishëm dhe të ardhshëm

Fillojnë të radhiten ditët prej Vitit të Ri 2012. Priteni secilën ditë të re me mendime të mira dhe me mendime se hapëroni nëpër rrugën e jetës bashkërisht me moshatarët tuaj, bashkërisht me miqtë tuaj, fëmijët dhe nipërit.

Lejeni gjithë atë çka s'është bukur, të gjitha problemet pas jush, si diçka që nuk ju nevojitet. Harroni hidhërimet dhe zemërimet, urrejtjen dhe ndjenjat e këqija. Faleni të gjithë ata që ju kanë gabuar sepse falja është gjestë i mirësisë në të gjitha fetë dhe popujtë në rruzullin tokësor. Faleni ata të cilët ju kanë gabuar ose ju kanë ofenduar sepse të falurit është e lidhur me shëndetin e mirë dhe me jetë të gjatë. Gëzohuni jetës dhe shikoni anën e mirë. Harroni sëmundjet dhe



mjekët, barrnat dhe pensionet e vogla. Kujtohuni se të gjithë ata të cilët kanë kaluarë të 100-tën tregojnë se kanë ngrënë pak, janë shoqëruar me miqtë, kanë dëgjuar muzikë, kanë udhëtuar, kanë punuar në kopsht… Asnjë deri më tani nuk ka deklaruar se jetëgjatësia e tij nuk është varë nga nga pasuria e tij ose në shumë të hollat që i ka poseduar… Po të ishte ndryshe do të ishin gjallë vetëm ata të pasurit dhe nuk do të kishte varfnjak të vjetër dhe të gjallë…

Jetoni dhe i gëzohuni secilës ditë për atë se jo rastësisht koha e tanishme quhet present- DHURATË. Jetoni dhe i gëzohuni jetës në këtë dhe në vitet e ardhshme të cilat pasojnë. Bëhuni me fat dhe të gëzueshëm. Bëhuni pozitiv dhe të shëndoshë.

Gëzuar VITIN E RI 2012 me shpresë që t?ju sjell momente të bukura, jetë të këndëshme dhe plakje aktive.

**LSHPM**

### Mbledhja e tetë e KE të LSHPM

## Përmes shqyrtimit konstruktiv u sollën disa vendime të rëndësishme

Më 20.12.2011, mbajti mbledhjen e vet të tetë të radhës. Në fillim të mbledhjes, nënkryetari i KE të LSHPM i njoftoi të pranishmit për implementimin e një pjese të propozimeve të cilat ishin dhënë nga LSHPM në



Programin e Qeverisë për vitin 2012. Ishte kjo e para herë propozime të Lidhjes të jenë përfshirë në Program. Në diskutimin në të cilin morën pjesë Danica Dackallova, Zore Micocovski, Qazimovski, Rufat Ramadani, Gjorgji Serafimov, Alija Adamov e të tjerë, u potencua se edhe pse nuk është pranuar e gjitha, duhet të jemi të kënaqur.

Më pas, u shqyrtua dhe aprovua raporti financiar për të hyrat dhe të dalat deri në muajin 11/2011 si propozim plani financiar për vitin 2012. Ishte konstatuar se është punuar me nikoqirllëk dhe përgjegjësi, gjë e cila u arsyetua edhe me të dhëna. Se ajo ishte ashtu, ishte konstatuar edhe me raportin nga Këshilli Mbikëqyrës, të cilin e arsyetoi kryetari Done Nikolovski. Raporti dhe propozimi i planit financiar për vitin 2012 u aprovua njëzëri. Gjithashtu, njëzëri u aprovua edhe Programa për vitin 2012 për të cilin u konstatua se është në pajtueshmëri me planin e propozuar financiar. Pas këtij konstatimi u sollën këto vendime:

• Vendim për rishpërndarjen e mjeteve teprisë,

• Vendim për afatizimin e mjeteve të cilat do të dedikohen për ndërtim të lokalit në të cilin do të vendoset Lidhja.

U përfundua gjithashtu që shqyrtimi publik i Rregullores për garat sportive regjionale dhe republikane të mbaroj deri më 20 janar, ndërkaq, Rregullorja organizimin dhe realizimin e Paraqitjeve për këngë, muzikë,dhe lojëra, t?i dërgohet për aprovim Kuvendit të LSHPM.

Më pas, u soll vendim për angazhim të personi profesional i cili do t?i rregulloj të dhënat për anëtarët e Lidhjes. Në rrjedhën e mëtejme të mbledhjes, kryetari i LSHPM, i njoftoi të pranishmit se në Kasën e Lidhjes, kanë arritur mjete financiare nga donacione, sponzorizime dhe reklama edhe atë rreth 7 000 evra, çka është mirë dhe për t?u përshëndetur. Me qëllim që të inkurajohen më tepër persona për të siguruar mjete në këtë mënyrë, u soll vendim që ato që do të sjellin mjete financiare të shpërblehen me 15 deri më 20% nga mjetet e gjetura.

Kohë më parë u mbajt forumi ndërsektor për Ligjin për taksa dhe sponsorizime të organizatave me interes publik në të cilin ishin dhënë propozime për ndryshimin e tij. Ishte propozuar ndër të tjerat që kërkuesit vetë të sigurojnë vërtetime nga Ministria e se kanë organizatë me interes publik. Ishte aprovuar LSHPM të kërkoj dokument të tillë.

Në fund u soll vendim për lejim mjetesh për ditar në të cilët do të vihen të dhëna për të gjitha shoqatat, si dhe kalendar për vitin 2011 dhe 2012 për të gjithë kryetarët e shoqatave, për anëtarët e Kuvendit dhe KE.

Pas këtij vendimi, nënkryetari i Kuvendit të LSHPM i dorëzoi falënderim kryetarit të LSHPM Dragi Argirovski për kontributin e dhënë dhe për afirmimin e Lidhjeas së pensionistëve të Maqedonisë.

**K.S.A.**

## Ramiz Qazimovski mysafir në TVM

Në emisionin "Mosha e tretë" që emitohet në TVM çdo të martë në ora 14.00, kohë më parë ishte mysafir Ramiz Qazimovski, anëtar i KE të LSHPM dhe kryetar i Shoqatës të pensionistëve nga fshati Labunishtë. Qazimovski, fillimisht falënderoj për besimin që i ishte dhënë ta përfaqësoj KE të Lidhjes. Në pyetjen për aktivitetet në shtatë muajt e fundit nga konstituimi i organeve të reja udhëheqëse, ai filloi me mendimin e Xheladin Muratit:

-**"Funksionit duhet t'i gjendet njeriu, e jo anasjelltas"**. Vetëm ashtu do të ketë rezultate në punë. Ky mendim, - tha Qazimovski,- erdhi në shprehje të plotë më 31.03.2011, kur pati rizgjedhje të delegatëve dhe udhëheqësve të Lidhjes me ç'rast ishin zgjedhur njerëz të ndershëm, të përgjegjshëm, me kualitete dhe të vetëdijshëm.

Theks i veçantë në këtë emision iu dha përmbajtjes së mbledhjes së fundit të Kuvendit të LSHPM e cila ishte mbajtur më 01.11.2011 në Krushevë.

-Brenda shtatë muajve prej se është në udhëheqje, - theksoi Qazimovski, - janë aprovuar shtatë vendime të rëndësishme, nga të cilat tre me rëndësi historike.

-Si vendim të parë, ai theksoj vendimin e riregjistrimit, me çka për herë të parë është zgjedh nënkryetar Kuvendi. Në atë funksion është zgjedh Besnik Poceska nga Dibra, person me dituri dhe me përvojë të madhe. Me zgjedhjen e tij, në Lidhjen është ndjerë komuniteti dhe multietniteti.

-Vendim i dytë historik, - theksoj



Qazimovski, - është Rregullorja e re për arbitrim, i cili është dokument i llojit të par me të cilin do të zgjidhen kontestet eventuale brenda në shoqata.

-Vendim i tretë është nisma për sigurimin e lokalit të vet për punë të Lidhjes, gjë e cila si pyetje deri më tani asnjëherë nuk ishte shqyrtuar. Udhëheqësja e re u obligua që të filloj me aktivitete për sigurim të lokalit të vet, me çka do të sigurohen kushte më të mira për funksionimin e LSHPM.

Qazimovski i numëroj edhe vendimet tjera, ndër të cilat edhe vendimin për bashkimin përsëri të SHP Bitol në LSHPM, shoqatë e cila disa vite për arsye të interesave personale të dikujt vepronte jashtë Lidhjes.

Ai, posaçërisht theksoj pjesën solemne të mbledhjes në Krushevë, në të cilën Kryetari i LSHPM Dragi Argirovski bëri rishikim të punës shtatë mujore, që u përshëndet dhe u aprovua njëzëri.

Si kryetar i SHP nga fshati Labunishtë, Qazimovski theksoj se kjo shoqatë është e dyta e regjistruar në pajtim me Ligjin për shoqata dhe fondacione nga prilli 2010 dhe ka 704 anëtar. Ajo është e vetmja shoqatë në mjediset rurale e cila ka shtëpinë e vet të pensionistëve, ndërtuar me mjete të banorëve, me donacione nga firmat dhe gjithsesi edhe me mjete të pensionistëve.

Në manifestimin me rastin e 65 – vjetorit të organizimit të pensionistëve në Maqedoni, SH Labunishtë dhe personalisht Ramiz Qazimovski, për kontributin e veçantë në realizimin e qëllimit dhe detyrave të Lidhjes, morën mirënjohje nga LSHPM. Në emisionin "Mosha e tretë", Ramiz Qazimovski, ju përgjigj edhe disa pyetjeve të parashtruara nga shikuesit.

**D. Dolgovska**

**Faqen e redaktoi Baki Bakiu**

## Theksime nga intervista me ministrin e punës dhe politikës sociale

Republika e Maqedonisë me Kushtetutë definohet si shtet social dhe si e tillë kujdeset për qytetarët përmes sigurimit social dhe afrimit të tyre tek të drejtat sociale. Në fokusin e kujdesit për personat e moshuar janë: sigurimi i mbrojtjes adekuate sociale (mjete adekuate për jetesë, strehim adekuat); sigurimi i formave jashtë institucionale të mbrojtjes së pleqve (klube për qëndrim ditor, vendosja në familje tjera dhe shërbime për ndihmë të personave pleq në kushte shtëpiake); sigurim i përkrahjes dhe ndihmës nga familja, fqinjët, miqtë, shoqatat joqeveritare si dhe ndihmën elementare nga shteti. Në periudhën e kaluar, Ministria për punë dhe politikë sociale dhe Qeveria e Republikës Maqedonisë, ishin të përkushtuara në zhvillimin dhe përparimin e aktiviteteve lidhur me ëështjet e përditshmërisë së pensionistëve, përparimit të jetës sociale, lehtësimit dhe afrimit të tyre tek të drejtat sociale si dhe bashkëpunimi përmes sektorit joqeveritar, sepse mendojmë se është e nevojshme personat pleq të bëjnë jetë me ëka tërësisht do të jenë të angazhuar me potencialet e tyre dhe të kenë një jetë në të cilën do të kenë përkrahjen e nevojshme nga shoqëria.

Një nga përparësitë e Qeverisë Republikës Maqedonisë dhe e Ministrisë për punë dhe politikë sociale



është sigurimi i jetës dinjitoze të personave pleq dhe pensionistëve. Në atë drejtim, që nga viti 2008 dhe deri më tani, pensionet janë rritur për 33,5%, ndërkaq pensioni më i ulët për 40%. Pagesa e pensioneve, bëhet në javën e parë të muajit.

Kriza ekonomike ka ndikim edhe në sigurimin social, sidomos në pensionet dhe pagesën e tyre. Disa shtete kanë marrë masa të kufizimit në sigurimin e pensioneve ëka rezulton në uljen e të drejtave ose në "ngrirjen" e lartësisë së pensionit për disa vite.

Në Republikën e Maqedonisë, pensionet paguhen rregullisht dhe bëhet përputhje ligjore sipas rritjes së rrogave dhe të shpenzimeve për jetë edhe atë dy herë në vit. Në Programin për punë të Qeverisë Republikës Maqedonisë është definuar rritja e pensioneve në periudhën 20121-2015.

Në vitet e kaluara realizohej projekti "Rekreacioni klimatik i shfrytëzuesve të pensionit në banja", me ëka më se 15.000 pensionist ishin shfrytëzues të këtyre shërbimeve. Si rezultat i kënaqësisë së pensionistëve nga ky projekt, në katër vitet e ardhshme, do të vazhdohet të realizohet projekti, me ëka do të përfshihen 40.000 shfrytëzues të pensioneve.

Në drejtim të realizimit të përcaktimeve të Qeverisë Republikës Maqedonisë, për të përmirësua jetën e personave pleq, ishte aprovuar Strategjia nacionale për persona pleq 2010-2020. Në funksion të realizimit me sukses të Strategjisë, departamentet ministrore përgatitën Plane operative për realizimin e masave të parapara me Strategjinë.

Me këtë dokument është planifikuar të ndërtohen shtëpi të reja regjionale për persona pleq, me ëka, kapacitetet nacionale do të afrohen kah standardet evropiane për përkujdesjen institucionale të personave pleq. Tanimë 4 shtëpitë ekzistuese shtetërore, përmes nismave vetjake si dhe me ndihmë dhe përkrahje të institucioneve kompetente, i përmirësojnë kushtet për vendosje përmes rindërtimit të objekteve dhe gjetjes së pajisjes së re për punë.

Gjithashtu, intensivisht punohet edhe në zhvillimin e formave jashtë institucionale

për kujdesin dhe ndihmën e personave pleq në Republikën e Maqedonisë edhe atë të formave të parapara me ligj: shërbime për përkujdesje ditore dhe të parakohshme për njerëz më të moshuar, vizita shtëpiake, sigurim ndihme financiare dhe ndihmë në natyrë. Përveë qendrës ditore për persona pleq në ëashka, në tre vitet e fundit, Ministria punonte edhe në hapjen e 3 qendrave të reja ditore.

Për realizimin me sukses të Strategjisë nacionale për persona pleq, është formuar Trup koordinues nacional për përcjelljen dhe vlerësimin e implementimit të Strategjisë. Ky trup është i përbërë nga përfaqësues të të gjitha ministrive dhe institucioneve relevante, ndër të cilët edhe nga Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Ministria për punë dhe politikë sociale edhe më tutje do të vazhdojë me aktivitete që ta forcojë vetëdijen e vetëqeverisjes lokale për përgjegjësitë për të gjithë qytetarët të cilët jetojnë në territorin e saj, por edhe për nevojën për përfshirjen e të gjitha resurseve me të cilat disponon në nivel shtetëror dhe lokal në mbrojtjen e personave pleq.

Me veprim të përbashkët nga të gjitha palët e përmendura, do të sigurohen parakushte të shkëlqyeshme për jetë, dinjitet, kualitet, jetë të sigurt dhe aktive, të përshtatur nevojave dhe aftësive të secilit person që gjendet në moshën e tretë të jetës.

Para së gjithash, dua që të gjithë pensionistëve t'ju uroj Vitin e Ri 2012, duke ju dëshiruar shëndet të mirë, jetë të gjatë dhe fat, ndërkaq, Lidhjes së pensionistëve të Maqedonisë, i dëshiroj të vazhdoj me planet e veta të përcaktuara.

Unë si ministër për punë dhe politikë sociale premtoj se edhe vitin e ardhshëm 2012, Ministria për punë dhe politikë sociale pranë Qeverisë Republikës Maqedonisë, do të vazhdoj me aktivitete dhe me projekte të drejtuara në mbrojtjen e të drejtave dhe interesave të shfrytëzuesve të pensionit dhe gjithsesi se edhe në përfshirjen e tyre më të madhe në jetën sociale.

**M. Toshevski**

### SHP Saraj

## Vizitë degëve

Ditë më parë, me ftesë të kryetarëve të degëve Bukoviq dhe Kondovë: **Feta Demiri** dhe **Ilaz Haxhiu,** anëtarë të organeve drejtuese të Shoqatës, vizituan degët në fjalë.

Në këto takime, kryetarët e degëve folën për punën në degët e tyre, sukseset në realizimin e aktiviteteve programore, si dhe për vështirësitë që hasin gjatë punës.

Kryetari i Shoqatës **Rufat Ramadani** i njoftoi të pranishmit me rrjedhën e aktiviteteve programore në nivel të Shoqatës. Gjatë bisedës në këto takime, lindën dhe ide të reja. U theksua nevoja që në kuadër të Shoqatës të organizohen programe kulturore artistike sepse u tha se në Shoqatë ka anëtar të talentuar.

Me rastin e këtyre vizitave, e edhe në raste të tjera, nuk harrohen të vizitohen edhe anëtar të Shoqatës të cilët nuk janë shëndetlig.

Anëtarë të Shoqatës të pranishëm në këto takime, shprehin falënderim për angazhimin e udhëheqësve me çka një pjesë e konsiderueshme e anëtarëve u furnizuan dhe vazhdojnë të furnizohen me djathë me çmim më të volitshëm.

Në fund, udhëheqësit e degëve falënderuan për vizitën duke theksuar se ato janë më se të nevojshme dhe si të tilla ato duhet të praktikohen më shpesh. Kështu, vizita e këtyre dy degëve përfundoi në atmosferë pune dhe relaksuese.

**B.Bakiu**


emporia
Network
12:35
Fri 20. 08. 2010
emporia
emporiaELEGANCE
▪ Македонско мени
▪ Екран во боја 65к
▪ Повици и смс пораки
▪ Многу големи копчиња
▪ Голем фонт на екранот
▪ Многу силен звучник
990 ден.
Со Пензионер во Доверба 24
Супер подарок за баба и дедо!
Совршен пакет за сите пензионери!
Конечно телефон и тарифа за пензионери! Новиот телефон Emporia, наменет токму за секој пензионер, нуди едноставно мени на македонски јазик, екран во боја, силен звучник и големи букви за подобра видливост. Дополнително тука е и тарифата „Пензионер“ на T-Mobile, со совршена понуда за секој пензионер, разговори за само 3, 43 денари со сите пензионери како и со најблиските 4 броја избрани во Мојот круг, и сето тоа за најниска месечна претплата од само 236 денари.
Побарајте ја Пензионер тарифата во најблиската продавница на Телеком.
Повеќе информации на www.t-mobile.mk
Сподели доживувања
T-Mobile

# Божана Трајковска - автор со голема понесеност во книжевната уметност

Неодамна во Домот на културата во Куманово се одржа промоција на книгата „На крилјата на времето" од авторката Божана Перо Трајковска. Присуствуваа бројни љубители на поезијата и пријатели на авторката. За нејзиниот книжевен пат може многу да се зборува, а ние издвојуваме неколку акценти. Свои творби Божана објавувала во „Другарче", „Развигор", „Дневник", „Нова Македонија", „Кумановски весник"... Често пати била гостин со својата поезија на електронските и печатените медиуми. Ги има издадено книгите – „Грст сончевина", „Ѕвоната на разденот", „Бојата на душата", „Јазол на мислата" и последната што е повод за овој напис „Крилјата на времето".



И како што е ред еве кус осврт за промоцијата и за најновото дело на Божана. Творечкиот пат на Божана Трајковска го афирмираше писателот Бранко Цветковски. За нејзиното творештво тој истакна дека иако е во повозрасните години, Божана не торпедира со нови книги кои се вистински дарови. Што се однесува до тематската преокупација во книгата, пред се е посветеноста на татковинските мотиви и на темата на љубовта. Читајќи ги овие нејзини песни, не можете, а да не откриете една мудра поетеса и мислител кој точно знае да ги улови миговите. Еве еден нејзин поетски совет како да се биде среќен, искажан низ песната „Во ново созвездие".

**Ти и јас**
**најцврсто сме врзани**
**со невидливи нитки.**
**Љубовта ни минува**
**низ различни фази,**
**без да исчезне.**
**Таа во нас зрачи**
**ко исткаено ново созвездие**
**што само ние го доживуваме**
**во сјајот на животот.**

Покрај оваа порака која остава видлива трага и во другите песни, поетесата упатува и на нови пораки кон потомствата, допевајќи ги песните од роднокрајниот и татковинскиот циклус од поранешните нејзини книги. И во секоја песна надеж за човечкиот род како во песната „Живот".

**Се вознесувам во животот,**
**наречен авантура,**
**му се радувам**
**на секое румено утро**
**маките и траумите се неизбежни,**
**но можат да се надминат.**

И кусото потсетување, Божана видно се ангажира во кумановската културна средина каде што остава сопствен значаен белег и пошироко во македонската културна средина. Меѓу другото таа е и претседател на друштвото на писатели во Куманово.

**Ц. Илиева**

Промоција на книгата „Прекршен живот" од Донка Пискачева – Груевска

# Сеќавања за прогонетите

Неодамна во Домот на АРМ во Скопје, се одржа промоција на книгата „Прекршен живот" од Донка Пискачева – Груевска. Промоторот на изданието,публицистот Мишо Китаноски во својата реч истакна дека се работи за оригинално дело, на чии страници се опишува голготата на Македонците од Егејска Македонија под Грција и нивното прогонување и откорнување од нивните родни исконски и прадедовски огништа.




Обраќајќи им се на присутните, авторката Донка Пискачева – Груевска, откако кажа за мотивите што ја натерале да се зафати со пишувањето на нејзиниот „прекршен живот", си ја отвори душата и со многу емоции раскажа за своето талкање од немило до недраго во детскиот дом во Црквеница, Република Хрватска до нејзиното враќање и трајно населување во Скопје.

– Јас во душата и сите прогонети деца, ги носиме црните шамии од нашите баби и мајки, затоа што најголем дел од нас, останаа сирачиња, та моравме да се бориме со животот... Мојата книга е, всушност, моето патување и растење, одделена од своите најмили и пресадена во друга непозната средина. Тоа остава лузни во животот, но и го јакне човекот, го прави борбен и храбар да ги издржи патилата и да опстои. Простум. Подоцна, кога ја сретнав мислата на Хемингвеј дека „човекот може да биде победен, но не и уништен", ми стана сосема јасно дека ние прогонетите сме точно тоа, затоа и книгата им ја посветив на сите оние кои со мене или во другите детски домови ширум поранешна Југославија престојуваа, се образуваа и си формираа свои семејства.

На крајот од разговорот со авторката Д. Пискачева – Груевска, таа ни откри дека веќе книгата е преведена и на англиски јазик и наскоро се очекува да се појави во книжарниците во Австралија, Америка, Канада и други земји. За тамошните некогашни деца прогонети од родните огништа, да не заборават од каде и каде растеле...

**М.К.**

# Солзи од смеа

Драмската работилница при пензионерското КУД „Ѓоко Симоновски" од Куманово, на 26 и 27 ноември, во Велес и во Скопје, извонредно се претстави со комедијата „Шути и рогати" благодарение на актерите – пензионери кои во ништо не заостануваат од професионалците. Поискусните артисти: **Новко Петрушевски, Стојчо Митевски, Јовица Стојчевски, Кирил Петковски, Стефан Илиевски, Љубица Кузмановска, Добринка Петрушевска** и уште десетина други, исто така, мајстори на актерската игра, како и сценаристот **Јовица Цветковски,** прикажаа комедија полна со хумор и сатира, нешто што е потребно во ова невидено темпо на живеење во сите сфери на општеството.

Салата во Велес имаше близу 250 гледачи чии очи беа преполни со солзи од смеа, од кои зрачеше задоволство и пријатно расположение. Претставата на гледачите им ги долови општествените збиднувања во едно кумановско село „с'с 17 меане, с'с државски ќато" (писар и порезџија),– даскал "с'с велешки говор", а најсмешното од се, според некои гледачи, беше однесувањето т.е. „пијанчење на попови и нивно резилење пред Розику". Почетокот, со сатиричната песна: „Ај кој га бива – не га бива, море Општина је – за све крива!", беше добра најава дека претставата ќе биде мошне интересна.

– Да не знаев дека се наоѓаат на театарска сцена, ќе си помислев дека тие се вистински попови, не само поради мантиите, туку и со нивното „црковно појање", – ни изјави еден гледач пензионер за ликовите на поп Спасе и поп Тасе.

– Оваа комедија не е само хумористична, туку и едукативна. Покрај текстот, многу не засмејуваше и кумановскиот дијалект, а некои реплики кои беа полни со поуки и поговорки, беа филозофска етичка лекција извадена од македонската народна ризница, – зборуваа гледачите меѓу себе.

И, не само велешките, туку и скопските воени пензионери „се расплакаа" од смеење следејќи го настапот на извонредните актери од Куманово. А тие, се вратија од Велес во ноќните часови, а утрото на 27 ноември заминаа за Скопје и настапија во салата на Домот на АРМ. Иако ова беше единаесетта изведба на комедијата, актерите се претставија со таков ентузијазам како да се работеше за премиерна претстава. И скопјани со френетични аплаузи им се заблагодарија на актерите за „младешкиот" настап. „Браво, мајстори, голема почит и благодарност што ни го разведривте магливиот ден, а со смеата, се разбира, ни го продолживте и животот!".

**д-р Веле Алексоски**

# Да се сетам на сонот

Кога отровна змија ќе легне со мене,
на постелс бела,
и дива река отвори рана во моите зори,
ја ќе прилегам на гавран во долина стрела,
–тогаш до бистри извори однесете ме во пролет.

Сакам да видам кога росата умира во денот,
и да се сетам на сонот, во гривите на ветрот.
на дивите перуники и на кобни гаврани,
од разлистени гори што ме дебнат и
на заскитани срни во ѕвездени зори,
пред кладенец одамна секнат.

Гладни коњи и заклани песни
од горчливи солзи,
За мојот живот не сакам на никој
да му шепнат.

Само нежна тага на осамени гитари,
нека ја гали понекогаш, душава темна.

Пак да се сетам на сонот,
во гривите на ветрот,
На жени, ко вечерни луни,
а само љубов една.

Кога ми се стори, дека се венчав
со јаболкницата во дворот,
Или, само ги оставав ружите
под балконот.

**Стојче Николоски**
**пензионер од Прилеп**

# Милка Евтимова - голем уметник и голем човек

Кога од одговорните луѓе во весникот добив задача за Новогодишниот број да направам портрет на нашата позната оперска певица Милка Ефтимова, се возбудив и збунив иако добро ја познавам, повеќепати се имаме сретнато и пред камерите на МТВ, но сепак...



Се најдовме во нејзиниот топол дом полн со сувенири, со книги и плочи, со дивидиа и цедиња. Полн со спомени од нејзините патувања и од патувањата на луѓето со кои работела и другарувала. Секој сувенир има своја приказна која Милка несебично ја раскажува и ја споделува и со нас.

**Веруваме дека нема човек што не слушнал за неа, сепак приказната ќе ја започнеме со прашањето која е всушност Милка Ефтимова?**



Родена е во 1936 година во Радовиш. Дипломирала на Музичката академија во Љубљана во 1960 година, каде што завршила и постдипломски студии. Специјализирала на Академијата „Санта Чечилија" во Рим... Работела како редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје (1985 – 2000).

Како оперски уметник има реализирано повеќе од 40 улоги на матичната сцена, стотина партии во крупни вокално–инструментални дела од сите стилски периоди, скоро двестотини снимени или отпеани соло–песни на концертните сцени, осумдесет изведби или праизведби на дела од македонски автори... Конечно и фактот за преку илјада и петстотини вечери подарени на оперската или концертната публика од триесетина земји на светот.

Нејзиниот раскошен и препознатлив глас (алт), нејзината голема музикалност, ја издигнаа во височините и кај нас и во светот. Таа беше признаена, сакана и ценета концертна певица со извонредно широк дијапазон на репертоарот. Своите најубави години од животот и од работата ги втка во културната традиција на македонскиот народ. Има добиено повеќе награди и признанија меѓу кои Трета награда на Натпреварот на музичките уметници на Југославија во Загреб, Трета награда на Меѓународниот фестивал во Софија, Годишна награда „Златна лира" за најуспешно остварување на Здружението на музичките уметници на Македонија, наградата „11 Октомври", „Св. Климент Охридски", наградата за хуманост „Мајка Тереза", четири златни плакети од родниот град Радовиш и други.

Своето долгогодишно уметничко искуство Ефтимова го пренесе на многу генерации, но продолжува да тоа да го прави и ден–денеска, 11 години по пензионирањето.

Возбудата кај мене заради големината на уметникот и човекот за кого треба да пишувам, брзо исчезна. За тоа придонесоа атмосферата и преубавите арии од опери што Милка ги пушти, секако во нејзина изведба, но и фотографиите на видеозаписот на кои се испреплетуваше целиот живот и работа на познатата оперска певица. Секоја фотографија беше поврзана за некоја важна средба, настап или личност, а оперските арии во заднината ја исполнија просторијата и ни ги разнежија душите. Милка зборуваше и потпевнуваше. Се промени нејзиното расположение, се зголеми нејзината желба да зборува за себе и за својата уметничка кариера. Во една таква опуштена атмосфера се нижеа приказните за луѓето со кои работела, кои имаат придонес во нејзиното музичко образование, во нејзината кариера, за нејзините пријатели кои биле и останале блиски повеќе од 48 години. Меѓу нив Милка особено ја издвојува познатата пијанистка Јасмина Чакар, со која и натаму работи и настапува. Нивното дружење и соработка, е составен дел од нивниот живот во третото доба.

**Се надоврзуваме со прашањето како изгледа секојдневјето на Милка?**

– Со многу средби со талентирани млади луѓе, кои доаѓаат кај мене дома некогаш да работиме, некогаш само да ги преслушам пред настап или пред аудиција, а некогаш само да ме видат или да ми донесат појадок, овошје или нешто друго и да ми раскажат за себе и за нивните семејства. Во вторник и во четврток во приватното училиште „Сцена" со Јасмина Чакар им држиме предавања по пеење на младите вљубеници во пеењето и во музиката. Сè уште настапувам на разни сцени во земјава, меѓу кои го издвојувам настапот во мојот роден град Радовиш, во кој настапив неодамна по повод 65–годишнината од пензионерското организирање во Македонија.

**- Го спомнавте Радовиш. Со Вашиот роден град имате чести контакти, Ве поврзуваат нераскинливи врски?"**

– Да, секоја покана за настап во Радовиш со задоволство ја прифаќам. Тие пак, во Градската библиотека, во десното крило направија еден вид мал музеј. Поставија повеќе експонати, 12 паноа со мои фотографии почнувајќи од детството, школувањето во Скопје и Љубљана, па до настапот на разни сцени и опери низ целиот свет. Тука се повеќето од наградите, оригиналните костими од оперските претстави. Чувствувам голема среќа и сатисфакција кога до мене ќе дојде информацијата дека организирани групи меѓу нив и на пензионери, го поселиле ова уметничко катче во библиотеката во Радовиш.

Како што во една прилика изјави нејзината најдобра пријателка и колешка Јасмина Чакар, Милка Ефтимова беше и сѐ уште е роб на своите дела. Во нив го вложи својот живот. Таа е редок пример на спој на огромен талент и на чеситт и хуман човек. Со својата големина ни остава големо, а со добрината – трајно и непроценливо дело во нашата музичка култура.

Да ја акцентираме работата на овој голем уметник со децата и младите. Милка никогаш не престана да гради едно големо семејство кое сѐ уште трае. Во него е вградена основата на нејзината зрелост која многумина не ја достигнуваат и кога ќе остарат.

Тука, во скромната светлина што ѕирка низ завесите, во собата исполнета со топлина, прекрасна музика и раскошна убавина, ја оставаме Милка Ефтимова и ја понесовме приказната за нејзиниот досегашен животен и творечки пат. Пат по кој таа со вградувањето на сиот свој талент, магичен глас и љубов кон музиката, во времето на созревање на нашата музичка култура всушност и ја оствари својата заветна мечта – изгради свој духовен македонски Метрополитен.

**Цветанка Илиева**

# Правилник за листата на лекови на товар на фондот

**- запознавање на јавноста преку делумно превземање на текстови од Правилникот**

Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 15 декември 2011 година, донесе Правилник за начинот и методологијата за утврдување и донесување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот (во понатамошниот текст: Листа на лекови). Листата класифицира определени лекови кои се дел од лековите пуштени во промет во РМ согласно законските прописи, како и определени суплементи за храна за лекување (нутриенси). Според Листата, лековите се класифицираат во: лекови за примарна здравствена заштита и лекови за болничка здравствена заштита. Изборот на лек за класифицирање на Листата на лекови се врши само за лекови кои се на позитивна листа на една земја од референтните земји утврдени со Законот за здравственото осигурување. Изборот на лек се врши врз основа на следните услови: терапевтско значење и важност на лекот, релативна тераписка вредност, фармакоекономска оправданост. При оценка на терапевтското значење на лекот можат да се земат предвид и препораките и насоките од стручни здруженија. Фармакоекономската оправданост преку истражување се врши од аспект на здравственото осигурување, а може да се вклучи и општествен и социјален аспект. При тоа, анализата на финансиските ефекти се врши само врз основ на аспект на здравственото осигурување. При оценувањето на фармакоекономските резултати се врши анализа на трошоците во споредба со резултатите од лекувањето.

Донесување на одлука за вклучување на позитивна листе се базира на исполнувањето на условите наведени во овој Правилник, како и оценување за евентуално ограничување на начинот на пропишување, издавање и/или примена на лекот. Одлуката се темели и на податоците од стручни односно научни публикации, терапевтски насоки, резултатите од истражувања односно оценки на референтните стручни здруженија, податоци и насоки на Светската здравствена организација, други установи и органи надлежни за цените и плаќањето на здравствени услуги и лекови во други држави, како и податоците од други јавно достапни извори. Под определени услови лекот може да биде исклучен од Листата на лекови.

Постапка за утврдување на Листата на лекови ја спроведуваат Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Комисијата за утврдување на Листата на лекови на товар на ФЗОМ формирана од Владата на Р.Македонија. Комисијата има обврска да ги разгледа барањата и да донесе одлука за прифаќање, одбивање или дополнување на документацијата. Постапката за ревидирање на Листата на лекови Комисијата ја врши најмалку еднаш годишно.

Одлуките на Управниот одбор на Фондот за утврдување, дополнување или изменување на Листата на лекови, по добиената согласност од Министерот за здравство се објавуваат во "Службен весник на Р. Македонија" и на веб страница на Фондот.

**И.Г.**

# Алцхајмеровата болест и тајните на вечната младост



Неодамна во Скопје беше промовирана книгата „Алцхајмеровата болест и тајните на вечната младост" од авторот **д-р Драган Илијевски**. Промоцијата беше во организација на Францускиот културен центар, а се одржа во Информативниот центар на ЕУ. Рецензенти беа д-р Самуел Садикарио, д-р Владан Бајиќ и Жан Ив Лавоир директор на Францускиот културен центар во Скопје.

Убав повод да дознаеме како настана ова значајно дело.

– Книгата ја напишав затоа што многу ја посакував и со денови и ноќи размислував како да ја доближам до читателите, – ни рече д-р Илијевски. – Чувствував потреба да ги предупредам и да ги информирам луѓето преку книга за Алцхајмерова болест, чумата на 20 и 21 век, а и за тоа како да го зачуваме тој наш прекрасен ум додека не стане предоцна.

Д-р Илијевски не потсетува дека од појавувањето на болеста се поминати 105 години, која во 1906 год. е пронајдена од страна на германскиот невропатолог д-р Алојз Алцхајмер, а до ден-денес детално не е откриен причинителот на заболувањето. Покрај тоа што се спомнуваат многу ризични фактори мошне загрижувачко е тоа што засега нема терапија за оваа фатална болест. Откако таа ќе се открие пациентите живеат 6-7 години и умираат во тешки телесни маки. Во книгата детално е опишано ова заболување, опишани се некои од причинителите и тоа како се манифестира, каква терапијата засега се користи и што е можеби најбитно дадени се повеќе програми за превенција на ова мошне фатално заболување. Денес во светот има околу 25 милиони луѓе заболено од Алцхајмерова болест и се прогнозира дека ако вака продолжи во 2050 година бројот може да достигне околу 100 милиони, што е навистина голем глобален проблем.

Вториот дел на книгата Тајната на вечната младост е посветен на темата КАКО ДА ОСТАНЕМЕ МЛАДИ И ДА ЈА ПОБЕДИМЕ СТАРОСТА, а со тоа како да го зачуваме оптимизмот и менталната и физичката свежина и да и речеме стоп на Алцхајмеровата болест. Авторот се погрижил преку книгата да промовира повеќе програми како што е исхраната која овозможува долговечност кај луѓето, витаминската револуција против стареењето и многу други, со цел да се зачува виталноста и функционалноста до доцните биолошки години. Никогаш не е прерано нити предоцна за одлуката да се влијае на судбината на нашиот ум и на нашето тело, да се поседува добрина, убавина и долговечност. Книгата подучува како тоа да го постигнеме.

**Ц. Илиева**

# Млечните производи се супер храна или...?!

„Повеќето од нас се емоционално врзани за млечните производи, па тешко ги проценуваат објективно. Ни самата не сум исклучок" ја почнува прикажаната макробиотичарката Линор Баум. „Ја следев лакто-вегетаријанската исхрана петнаесет години пред да бидам подготвена сериозно да размислам каков би ми бил животот без млечни производи...".

И д-р Мичио Куши вели дека млечните производи всушност придонесуваат за појава на повеќе здравствени проблеми, кои вклучуваат сериозни тешкотии со варењето, хроничната инфекција со кандида и друго. Тој тврди дека казеинот, протеин кој се наоѓа во млечните производи е главниот виновник за разни болести бидејќи не се апсорбира лесно, се акумулира несварен во цревата, при тоа создавајќи токсини и доведувајќи до ослабување на имунитетот и до зголемување на слуз во организмот. Негова теорија е дека телото тогаш се обидува да го изолира тој вишок на слуз, создавајќи цисти и тумори.

Освен тоа, вели тој, овие „отрови" можат да се насоберат и во бубрезите и жолчката, што доведува до создавање на камчиња.

Само по два месеца, откако ќе се исклучат млечните производи од исхраната, поголемиот дел од некои симптоми магично исчезнуваат, додека другите драстично се намалуваат. Па сепак, многумина и понатаму не се откажуваат од нив и не им се верува дека токму тие придонесуваат кон здравствените проблеми кои ги имаат, сметајќи дека од нив се добива потребната количина на калциум кој му е потребен на организмот!

Според д-р Мичио Куши, млечните производи како млекото и сирењето, всушност го извлекуваат калциумот од коските и од забите. Консумирањето на млечни производи создава вишок на протеини во телото. Тие потоа создаваат кисела состојба која е погодна за развивање на тешките болести од канцер до срцеви заболувања и на разноразни инфекции и воспалувања. Тогаш организмот бара алкален „тампон" или добар неутрализатор за да се заштити и го наоѓа токму во калциумот.

Телото тогаш се обидува повторно да ја урамнотежи состојбата со вишокот на протеини, а храната која создава кисела средина ги троши резервите на калциумот од нашите коски.

И Херман Аихара, почитуван макробиотички учител и истражувач, верува дека крављото млеко е несоодветно за човечката исхрана од неколку причини:

Прво, млекото е многу обработено, содржи многу хемиски адитиви како што се антибиотици, хормони, пестициди и конзерванси.

Второ, млекото е со високо заситени масти, што создава предиспозиција за депонирање на холестеролот во артериите.

Трето, протеинот во крављото млеко е седум пати потежок за варење од протеинот на мајчиното млеко, што предизвикува проблеми со варењето на храната.

Џон Робинс, автор на книгата „Исхрана за нова Америка" се сложува со сите овие констатации. Во својата книга тој наведува: „кравите за храна добиваат „деликатеси" како што е пилевина со амонијак и перја, иситнети новини (комплетно со сите токсични материи), а да не ги спомнуваме инсектицидите, антибиотиците, хормоните и средствата за смирување.„И кремастите, бели млечни производи, не се така чисти и здрави како ни се чини!

Западниот медицински естаблишмент конечно ја потврдува врската помеѓу разните заболувања и консумирањето на млечните производи. Лекарите од американскиот одбор за одговорна медицина, заклучуваат дека млекото, сирењето, путерот и јогуртот придонесуваат во развивање на болестите како рак, алергија, проблеми со варењето и болести на срцето.

Постојат многу поздрави алтернативи на млечните производи. За да добиете калциум, јадете повеќе темно лиснат зеленчук како брокули, кељ, зелка... Други добри извори се гравот, сусамовите семки, алгите, тофу и друго.

За да ја задоволите желбата за побогата исхрана, консумирајте семки, ореви, бадеми, ленено семе и друго.

Да дадеме и заклучок: и нека не е баш сè така, сепак не претерувајте со консумирање на млечните производи мислејќи дека тие се најдобрата храна. Имајте го на ум и ова предупредување од д-р Куши!

**подготвила Таска Гавровска**

# Тестирајте ја и подобрете флексибилноста

Некои од вас може да се во можност да го вртат и искривуваат вратот како чудовиште хорор-филм, додека други имаат шут како на фудбалер. За да ја тестирате вашата флексибилност, обидете се со овие вежби. Но, не со сила или да си предизвикате болка – бидејќи овие вежби не се дизајнирани да предизвикат хендикеп, туку само да ја тестирате вашата моменталната состојба. Можете исто така, да ги извршувате овие тестови секој ден со цел да ја подобрите вашата флексибилност и физичка кондиција.



**Лактите:** Исправете го грбот, а рацете допрете ги со горната страна на дланките и прстите свртени надолу како на сликата. Во таа положба држете ги 30 до 60 секунди. Ако почувствувате вкочанетост или трнење во палецот или на средината кај што почнуваат прстите, тоа може да значи дека го имате синдромот на карпален тунел, кој се развива ако долго ги држите рацете на работната маса или на страните од фотелјата во која го поминувате денот. Трудете се тоа да не се случи, но ако веќе се случило барајте помош од лекар додека болките не станале неиздржливи.




**Колковите**: седнете на кревет или на стол. Едната нога нека се потпира на петата. Потоа обидете се да ја ротирате ногата за 45 степени на едната и на другата страна. Истото повторете го и со другата нога. Ако ова не ви причинува болка секој ден зголемете го вртењето барем за еднаш.

Оваа вежба е добра за колковите и стапалото, добра е за скочниот зглоб и за лесно и добро чекорење.



**Рамена**: Исправете се и обидете се да се дофатите со прстите зад грбот, како што покажува сликата. Веројатно од прв пат нема да успеете, но не се откажувајте. Правете го тоа секој ден. Еден ден прстите ќе се доближат, а можеби и ќе се допрат, а вие ќе се чувствувате убаво. Се разбира дека оваа вежба треба да ја правите наизменично со двете раце.




**Врат**: Наведете ја главата до градниот кош, а потоа назад, како да го барате каде е таванот, така што окото, увото и рамото да се во права линија. Тоа обично малкумина може од прва да го направат, но со вежбање се постигнуваат добри резултати. Само полека и не со сила. За подобра покретливост може да ја движите главата и лево десно или во круг, но не заборавајте ПОЛЕКА.

**К.С.А.**

# Земјоделците можат да си докупат пензиски стаж

Владата ќе им овозможи на одреден број земјоделци, кои во периодот на поранешна Југославија од 1979 до 1989 уплатувале пензиски придонеси, да си докупат стаж од пет години за да можат да остварат право на пензија. Ова им се овозможува со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

– Во периодот од 1979 до 1989 година во Македонија беше во сила закон за земјоделско осигурување во кој период земјоделците се осигуруваа и врз основа на тоа очекуваа понатаму да остварат право на пензија. Меѓутоа, тој член престана да важи во 2007 година и голем дел од земјоделците кои уплатуваа придонеси практично не го исполнија основниот минимум, покрај старосста да имаат 15 години уплатен придонес – истакна министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски. Тој појасни дека ги сослушале барањата на сојузите на земјоделци, по што била побарана измена, односно дополнување на законот со нов член во кој ќе сеземат предвид овие 10 години и ќе им се овозможи на овие лица да направат докуп на стаж за најмногу до пет години во период од шест месеци.

– Овој закон ќе важи привремено за период од шест месеци. Во тој период земјоделците ќе можат да ги докупат потребните пет години. Очекуваме до пред Нова година да биде усвоен законот. Со докупот на петте години, земјоделците ќе имаат можност да остварат пензија врз основа на минимум 15 години уплатуван придонес. Навистина ние дискутиравме неколкупати, подолг период се анализираше состојбата и на крај се донесе одлуката во Министерството да излеземе со ваков предлог. Не се виновни лицата затоа што престанал да важи закон што важел во поранешна Југославија. Мислам дека на ваков начин една пристојна бројка граѓани, кои се занимавале со земјоделска дејност, ќе можат да остварат право на пензија – рече министерот за труд и социјална политика. (В.А.) Дневник

## Проект: грижа за стари лица

Проектот "Грижа за стари лица во домашни услови" го имплементира Црвениот Крст на град Скопје со помош на Австриската Агенција за Развој и Австрискиот Црвен Крст. Во Скопје се опфатени 60 стари лица кои се над шеесетипетгодишна возраст на териториите на општините: Карпош, Ѓорче Петров, Чаир и Бутел. Во проектот на терен се ангажирани 2 медицински лица и 20 волонтери кои секоја недела ги посетуваат старите лица и водат картон за секој корисник. Медицинските лица им го мерат крвен притисок и шеќерот во крвта, соработуваат со матичните лекари, набавуваат лекарства и потрошни санитетски хигиенски материјали итн. Волонтерите им набавиваат прехранбени и други домашни намирници, се грижат за хигиената во домот, ги придружуваат на прошетка, разговараат, им читаат весници или книги итн

**Годишно Собрание на Црвен Крст на гад Скопје на 15.12.2011:**

"Старите лица вклучени во проектот имаат свои посебни животни приказни исполнети со радост, тага и многу надеж. Најчесто осамени, секогаш желни за посета и разговор, да споделат свои животни искуства и мудрости. Секое најмало отстапување од закажаното време за посета стврара возбуда и се прашуваат дали нешто се случило, нетрпеливо чекаат, се радуваат и го поздравуваат нашето ангажирање кон нив.

Очекуваме да бидат ведри, исполнети со волја за живот, добро здравје лесен пристап до медицински институции, лекови и ортопедски помагала, поедноставни административните процедури, односно да имаат лесна и безгрижна старост.

Нивните очекувања се исчекувања за 2012год. "

Чутаноска д-р Емилија, дел од медицинскиот тим вклучен во Проектот „Грижа за стари лица во домашни услови" на територијата на Општина Карпош и Ѓорче Петров – Скопје.




Пред употреба внимателно прочитајте го упатството.
За ризикот и несаканите дејства консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.




## ЗАНИМЛИВОСТИ

Хранливи продукти кои ќе ви помогнат да се чувствувате подобро: **брокула, спанаќ, аспарагус, ореви, лешници, сончоглед, портокал, цвекло и интегрални житарки...**

**Фолната киселина** е растворен витамин кој е неопходен за делба на клетките и здраво производство на крвни зрнца. Истражување спроведено на Универзитетот од Јорк открило врска помеѓу депресијата и ниските нивоа на фолна киселина. За да се чувствувате убаво зголемете ја конзумацијата на храна која содржи високи количини фолна киселина. Една чинија зготвена леќа содржи 90 проценти од препорачаната дневна количина. Леќата покрај тоа, содржи растителни влакна и протеини, па ќе останете сити подолго време, а и ќе го стабилизирате нивото на шеќер во крвта.

**Витамин В6:** Го има во банани, пилешки гради, лук, сончоглед, брокула, црвени пиперки, лубеница, авокадо и компири. Витаминот В6 има важна улога во метаболизмот на црвените крвни зрнца и протеините и во синтезата на неуротрансмитерите серотонин и допамин. Тој помага и во одржувањето на здрави нивоа на шеќер во крвта, и го зголемува количеството на кислород кој стигнува до ткивата. Ниско ниво на овој витамин води кон анемија, главоболки и депресија. Следниот пат кога ќе се чувствате тажно, изедете една банана.

**Омега-3:** Ја има во лосос, сардини, скуша и харинга, лен, ореви и алги. Омега–3, есенцијалната масна киселина ги одржува мозочни функции и е битна за развојот на мозокот и очите. Истражувањата покажуваат поврзаност помеѓу конзумирањето на омега–3 масни киселини и депресивното расположение. Една студија покажала дека депресијата се намалила кај пациенти кои патат од депресивно растројство по третман со омега–3. Рибино масло е добра замена ако не јадете риба редовно. Вегетеријанска алтернатива за Омега–3 е лен, ореви и алги.

**„Добри" јаглехидрати:** Ги има во интегралните житарки, овошјето и зеленчукот. Тие даваат енергија, растителни влакна и голем број на хранливи материи кои му се потребни на организмот за оптимално работење. Квалитетните јаглехидрати исто така можат да ја поттикнат и синтезата на серотонин „хормон на среќата". Серотонинот е важен неуротрансмитер кој влијае врз расположението и спиењето. Следниот пат кога ќе се чувствувате тажни, наместо колачиња одберете јаглехидрати кои ќе ви дадат енергија и ќе го подобрат вашето расположени.

**подготвила М. Дамјаноска**

## КРСТОЗБОР



| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | СКАНДИ | НАШ АРТИСТ НА ФОТОСОТ | ПРЕТПЛАТНИК | ВИД ГЛОДАЧ | ГРАД ВО ИРАН | СКАНДИ | ВОЛТ | АНИТЧКИ ГРАД ВО МАЛА АЗИЈА | ТВОРБА | АНИТЧКИ ГРАД ВО МАЛА АЗИЈА | ПРЕДЛОГ |
| | | | | | БРАЗДА | | | | | АТЛАТИЧАРОТ ЛАСЕ / ОРЕГОН | | | | | |
| | | | | | БАЊИ ВО ИТАЛИЈА | | | | | | ГОЛЕМО КАНАБЕ / ЕДЕН ПЛАНЕТОИД | | | | |
| | | | | | ХОТЕЛСКИ РАБОТНИЦИ | | | | | | | ПОТРЕБА ЗА ВОДА / Ж. ИМЕ (ЕЛИЦА) | | | |
| | | | | | РУСКО МАШКО ИМЕ | | | | | КОНФ. ЗА ЕВРОП. БЕЗБЕД. / ВИД ЈАДЕЊЕ | | | | | МАТЕМАТИЧАРОТ ЏОРЏ |
| | | | | | НУЛТА БРЗИНА | | | | ВИД ДРВЕН САД / ГОСПОЃА (ГРЧ.) | | | | | БОР / МЕСТО ВО ХРВАТСКА | |
| | | | | | ШАРЛ НИКОЛ | | | ИТАЛ. ПЕЈАЧКА РАФАЕЛА / АСТАТИН | | | | | АВТОЗНАК ЗА РУМА / ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | |
| СКАНДИ | ОБЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА | ВЕК | СКАНДИ | ВАТ | НАЈГОЛЕМА ХИДРОЦЕ. НА СВЕТОТ / ПЕЧАТАРСКИ БУКВИ | | | | | | | МАСЛО (АНГ.) / АНИ ЖИРАРДО | | | |
| МЕРИЛ СТРИП | | | "ВИША ПЕДАГОШКА ШКОЛА" / ПОВИК НА ОЏАТА ЗА МОЛИТВА | | | | ПОТПИСНИК НА МЕНИЦА / АНРИ РАБО | | | | | | | | ЧЕТИВО |
| СЛОВЕН. КОМПОЗИТОР СОС | | | | ПОР. ПИСАТЕЛ ХОСЕ МАРИЈА / НАКЛОНОСТ (АРХ.) | | | | АЦА МАТИЌ / ВИД САД ЗА ТЕЧНОСТ (МН.) | | | ЖАК АРТИН / ЛОВЕЦ НА ЖАБИ | | | ЛИТАР / БАРИУМ | |
| РАДАРИ | | | | | | | | | АНИ ЖИРАРДО / АЛЕКСАНДАР ОПАРИН | | | ФИЗИЧАР ЕРНСТ / ИМЕТО НА ПИСАТЕЛОТ ПАВЛОВСКИ | | | |
| АПСОЛУТЕН СУПЕРЛАТИВ | | | | | | | БАРИУМ / МЕСТО НА ПАШМАН | | | АБЕБЕ БЕКИЛА / МИМА ЈАУШОВЕЦ | | | АЛ КОРАЛИ / ЖЕНСКО ИМЕ НА ГАЛЕНО | | |
| ВРТОГЛАВИЦА | | | | | | ВИД ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТ / Ж. ИМЕ | | | | | | | | ТОН / КОМПЈУТЕРСКА РАБОТНА МЕМОРИЈА | |
| ГОРНИОТ СЛОЈ НА ВОЗДУХОТ | | | | | СТАРИ ЗЛАТНИ ФРАНЦУСКИ ПАРИ / КАРЛ ЛУИС | | | | ОРТОМАРИ / АНКОНА | | | | | | |
| ГЕРМАНСКИ ФИЗИЧАР ОТОНИКОЛАУС | | | | УДАР СО НОГА / СУЛФУР | | | | | | ВИТЕЗ / АМПЕР | | | | | |
| ОВАДИЈА ЕСТРЕЈА | | | ПОТКОЖНО МРСНО ТКИВО | | | | | | | | "НАРОДЕН МАГАЦИН" | | | | |

## Хумор

Замисли Трајче што ми се случи пред некоја вечер. Седевме така јас и жена ми во еден ресторан. Жена ми гледам како постојано гледа во еден пијан маж од спротива и ја прашав:

– Да не го познаваш човекон?

– Да – ми одговори таа, – некогаш ми беше дечко!Слушнав дека почнал да пие кога се разделивме и одтогаш се е пијан.

– Просто да не веруваш. Зарем е можно толку долго некој да слави.

* * *

Ја прашувам жена ми што сака да и купам за годишницата од бракот. И таа ми вели:

– Нешто убаво, метално, сјајно што крева од 0 до 150 за 3 секунди.

– И што и купи?

– Вага за мерење.

* * *

По настапот ја прашале некоја позната оперска пејачка на што се должи нејзиниот мошне успешен настап. Таа без долго да размислува одговорила:

– На моите удобни чевли!

* * *

Го прашува учителката малиот Перица да каже реченица во која е содржан зборот чудење:

– Татко ми синоќа си дојде дома многу рано. Сите се чудевме!

* * *

Се враќа мажот дома од работа и ја наоѓа жена му со најдобриот пријател. Го зема пиштолот пука и го убива. Жена му изнервирана му вели:

– Ти си сто посто луд. Ако продолжиш вака еден ден ќе останеш без пријатели!

* * *

Еврото умира.

Доаѓа банкнота од 5 евра кај Свети Петар и тој и вели:

– Оди ти во рајот.

Потоа доаѓа банкнота од 10 евра. Свети Петар и вели:

– И ти оди во рајот.

Потоа доаѓа банкнота од 50 евра. Свети Петар и вели:

– Ти да одиш во пеколот. Никогаш не сум те видел да дојдеш во црква!

* * *

Во полиција звони телефонот. Се јавува дежурниот:

– Повелете.

– Помагајте ми влезе мачка во собата.

– Полека госпоѓо, па тоа и не е така страшно!

– Како не е? Каква госпоѓа? Јас сум папагал!

## Коњот и магарето



М.Т.

Некој селанец имал коњ и магаре. Ги натоварил и тргнал во град. По пат коњот постојано се жалел дека му е тешко, а селанецот земал од неговиот товар и му ставал на магарето.

Претовареното магаре не можело повеќе да носи и пцовисало. Тогаш селанецот сиот товар му го натоварил на коњот.

# Поетска вечер

Неодамна во Клубот љубители на книгата во ЗП „Солидарност” – Аеродром се одржа поетска вечер посветена на поезијата на поетот Методија Тошевски.

Методија Тошевски е врвен стручњак во економијата и познат општествен работник кој завземал високи функции во земјата. Има



напишано голем број научни текстови од областа на економијата.

Сето ова го легитимира Тошевски како човек од бројки, финансиски анализи и ревизии. Затоа беше пријатно изненадувањето сознанието дека тој е и нешто друго, дека зад сето стручно и егзактно искуство и знаење, егзистира една друга содржина и одлика, поетска страст. Стиховите од неговите песни полни со емоции кои ги читаше повремено тој самиот, а повремено група на ученици од гимназијата „НОВА”, со внимание беа следени од преполната просторија со љубители и почитувачи на убавиот збор и убавата мисла. Гимназијата „НОВА” доби комплет книги како подарок од авторот.

Песните од неговите четири поетски книги: Додека чекам, Куќата, Порака, и Јаска, беа полни со носталгија по старите краишта, која се испреплетуваше со болката во душата која ја носи авторот, како и со сеќавањата на неговите најблиски, на мајка му..., но содржеа и многу прашања упатени до сите, но и до самиот себе.

Поетската вечер ја отвори Љубица Стојановска, а за поезијата на Тошевски зборуваше Борис Шуминоски.

Сè на сè пријатна вечер за паметење.

**К.С.А.**

# Два билтени







Излегоа од печат двата билтени кои СЗПМ ги изготвува секоја година. Во едниот Билтен поместени се регионалните натпревари и финалните 16–ти реппублички пензионерски спортски натпревари кои оваа година се одржаа во комплексот „Ливадиште” кај Струга. Исто така во него се прикажани резултатите по дисциплини, освојувачите на првите места и севкупниот победник ЗП Охрид и Дебрца. Средствата за печатење на билтенот се донација од ЕЛЕМ, преку конкурс за проекти кој се реализираше преку невладината организација КОНЕНКТ. Во вториот билтен поместени се 9–тите регионални Ревии на песни, музика и игри, кои се одржаа во Скопје, Валандово, Крива Паланка, Кичево и Македонска Каменица. Овие ревии се дел од фолклорното богатство на сите народи кои живеат во Македонија, а на кое верни чувари се токму пензионерите.

**К.С.А.**

# Пензионерките од Струга

Деновиве Активот на пензионерки при Здружението на пензионери од Струга и Вевчани се вклучи во хуманитарна акција за прибирање алишта. Секоја пензионерка донесе алишта од дома кои веќе не и се потребни, а за некој ќе бидат добредојдени. Алиштата беа предадени на Црвениот крст од Струга.

Посебна радост оваа хумана акција ќе им донесе на сиромашни дечиња во овие студени зимски денови.

Покрај во оваа акција, пензионерките се вклучуваат и во други хумани активности според нивната програма.

**Љ.Настоска**

# „Костенијада 2011” во М. Брод

На 19–ти ноември оваа година како единствен пензионерски ансамбл од Македонија меѓу десетина други со млади членови, успешно се претстави со сплетот на песни и игри „Кумановско поле”. Ги освоија симпатиите на публиката на четвртата по ред манифестација „Костенијада 2011” што се одржа во Македонски Брод.

– Посакуваме идната година повторно да се видиме на манифестацијата. Со изложбата од основците подготвена исклучиво од костени и богатата трпеза со слатки направени од вредните раце на поречанките ги истакнуваме природните убавини и богатството од костени во нашата невообичаена средина околина, рече во поздравното обраќање **Милосим Војнески**, градоначалник на Македонски Брод и манифестацијата ја прогласи за отворена.

Под синото македонско небо се редеа ора и песни од сите делови на Македонија и од гостинскиот ансамбл од Бар, Црна Гора.

Гостувањето во Македонски Брод е само уште едно надополнување на веќе евидентните успеси на кумановските пензионерски фолклористи.

**Т.Антиќ**

# Пензионер - познат публицист

Нашиот драг колега **Ристо Стамаков** целиот свој живот го посвети на публицистичката дејност и подолго време е собирач на народни песни од Гевгелиско – Валандовскиот регион.



Досега има објавено 12 книги меѓу кои и три монографии за населените места Стојаково, Богородица и Ѓавато и две збирки песни од Првата Светска војна: “Гроб да има пр,с да нема тој што ја измисли војната” од 12 песни и Збирка песни од затворскиот живот на Македонскиот народ. Има подготвено уште три книги кои чекаат објавување. Паралелно со оваа активност раководи и со пеачката група на жените пензионерки “Сава Михајлов”, која со години делува во здружението на пензионери Гевгелија.

**Т.Кусеников**

# Новогодишни празнувања

По повод Новогодишните празници повеќе здруженија на пензионери во нашата земја организираа пензиски средби, а беше поделена и хуманитарна помош.

На средбите во Штип и Радовиш учествуваа пензионери од повеќе градови, а во Свети Николе дојдоа пензионери од десетина здруженија. При тоа беше одбележан и патрониот празник на градот.



На овие средби присуствуваше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој ги запозна пензионерите со актуелностите во пензионерската организација и ги информираше за зголемувањето на пензиите во 2012 година.

Новогодишните дружења организираа здруженијата на пензионери од Куманово, Ѓорче Петров, Солидарност – Аеродром, здружението на воените пензионери и други, а беа поделени и хуманитарни пакети. Во Здружението Ѓорче Петров дури 200 пакети.

**С.М.**

# 55 години во спортот

Јордан Камендолиев и на 71 година сеуште е вљубеник во спортот. Од својата 14 годишна возраст почнува да се бави со спорт, а ракометот му бил еден од омилените спортови. Воден од љубовта кон спортот се запишува на средна фискултурна школа во Скопје во 1956–1957 година, а по завршувањето на истото првото вработување му било во Кавадарци во основното училиште „Тоде Хаџи Тефов”. Како наставник во повеќе училишта работи и како тренер на ракометниот клуб „Повардарие” од Неготино во кој клуб остана како тренер цели 20 години. По пензионирањето Јордан продолжува со својата спортска активност. Сега се грижи за рекреација на своите колеги пензионери. Од 2005 година е претседател на комисијата за спорт и рекреација при Здружението на пензионери Неготино. Со негово доаѓање почнува поактивно организирање на екскурзии на пензионерите и поактивно учество на пензионерските спортски натпревари. Така на регионалните натпревари ЗП Неготино постигна доста добри резултати: 2007 година на регионалните натпревари во Богданци прво место во скок од место и домино–жени; истата година на републичките натпревари



во Велес, Никола Данев го освои првото место во дисциплината скок во место; во 2010 година на регионалните натпревари беа освоени пет први места, а освоено беше второ место во генерален пласман; истата година на републичките натпревари во Радовиш беа освоени две први места: табла–мажи и скок од место, и беше освоено второ место во генералниот пласман. И 2011 година на регионалните натпревари во Гевгелија–Негорски Бањи беа освоени три први места. Беа освоени табла и второ место: табла мажи, трето место домино–жени и фрлање ѓуле–мажи. Со овие резултати освоено е второ место во генералниот пласман. Веќе неколку години Јордан Камендолиев ја извршува функцијата републички судија во атлетските дисциплини. Неговиот спортски дух не мирува. Планира уште долги години да се занимава со организирање на спортски и рекреативни активности.

**Илија Емшов, ЗП. Неготино**

# Пензионерски денови

Како бавно времето минува
Кога не зборуваш со никого
И коба се самува

Не зборувам кога сум сам
Не зборуваат ни9 книгите мои
Тишината легнала врз
писмата твои
И врз песните мои

И кога ќе дојде по мене
Животот да ми го земе,
Ќе проголта се
Миналото време

**Миодраг Јовановиќ, пензионер од Гази Баба**

Вреден и угледен пензионер

# Домаќинот

Пензионерот Љупчо Петровски во полната смисла на зборот е домаќин. Се раздира, првин е домаќин во својот дом, каде заедно со сопругата ги минуваат пензионерските денови во хармонија. Роден е во село Стари Град, велешко, а непосредно по земјотресот поради зголемените обврски на работното место во Македонски железници, се преселува во Скопје, каде и го дочека пензионирањето. Татко е на два сина и ќерка. Среќен е што неговите деца како успешни луѓе го врват својот пат и тоа го смета за најголем семеен успех. Сега задоволство му е да ги посети децата, да си поигра со петте внуци и двете правнучиња.

„Како задоволен пензионер”, додава тој. „Колкава е пензијата е важно, но не пресудно. Ние луѓето сме навикнале да се поплакуваме. Колку ќе имаш – толку ќе трошиш. А што е со здравјето”, прашува за себе, „тоа е поважно од сè. Кога еднаш ќе се наруши, готово е, ништо не го поправа. Ние правиме сè што можеме да го завардиме, да потрае”.

„Како се грижиме за здравјето”, го повторува за себе моето прашање и додава: „Да не излезе дека ние сме многу паметни и затоа сме здрави. Многу нешта зависат и од лозата од која потекнуваш, генетски што се вели. Но знам и луѓе од јака лоза кои брѓу изнемоштиле. Сметале дека таа им е доволна заштита и не правеле ништо. Ние сме активни, секаде каде за тоа постои можност. Жената ја врти куќата, таа е таму главна, иако и јас ѝ помагам. Но мене најголемо задоволство ми причинуваат моите 8 години поминати како домаќин на Клубот на Здружението на пензионерите „Солидарност – Аеродром”, Скопје. Некој веројатно ќе помисли, дека ме привлекол симболичниот надоместок. Но нема цена за утринскиот ритуал: секој ден се бричам како кога одев на работа. Знам дека некому му требам: ме чекаат пензионерите да го отворам Клубот, и додека играат некоја друштвена игра, додека читаат весник, или само муабетат тивко, да ги послужам со ефтино кафе или чајче. Така е секој ден, освен сабота и недела, до 14 часот, а ако има вечерни активности на клубовите и секциите, тука сум од 18 часот до завршувањето на истите.



Имаш ли време и за други интереси, прашувам. „Како да не, подготвено одговара. „Учествувам во организацијата на спортските игри, а во некои и самиот земам активно учество. Во домино, на пример, имам освоено прво место. Имам признанија и во пикадо, тегнење јаже и друго”. Како награда од Здружението тој и неговата сопруга добиле десетдневен престој во Катлановска Бања.

**Б. Шуминоски**

# Одлуки со историско значење

Во емисијата „Трета доба” што се емитува на МТВ секој вторник во 14.00 часот, неодамна гостин беше Рамиз Ќазимоски, член на ИО на СЗПМ од Здружението на пензионери од Лабуништа. Ќазимоски најнапред се заблагодари за довербата што му беше укажана да го претставува ИО на Сојузот.

Говорејќи за функционирањето на органите и телата на СЗПМ, тој се задржа на надлежностите на ИО во поглед на финансиското управување и раководење со средствата и имотот, на донесувањето одлуки за надоместокот на административно–техничките работници во рамки на Сојузот и за подготовките на сите предлог–документи кои потоа ги усвојува Собранието.



Посебен акцент во емисијата беше ставен на содржината на последната седница на Собранието на СЗПМ која беше одржана на 1.11.2011 година во Крушево.

– За седум месеци откако е новото раководство, – рече Ќазимоски, – донесени се седум значајни одлуки, од кои три со историско значење.

Како прва, ја истакна одлуката за пререгистрација при што за прв пат е избран потпретседател на Собранието. На таа функција е поставен Бесник Поцеста од Дебар, човек со знаење и со големо искуство. Со неговиот избор, во Сојузот се почувствувало вистинското значење на заедништвото и мултиетничноста.

– Другата историска одлука, – рече Казимоски, – е новиот Правилник за арбитража, тоа е прв важен документ со кој ќе се решаваат евентуалните спорови меѓу здруженијата. Третата одлука е иницијативата за обезбедување сопствен деловен простор на Сојузот, што како прашање досега никогаш не било разгледувано.

Говорејќи за ЗП од Лабуништа, Ќазимоски рече дека ова здружение е второ регистрирано согласно со Законот за здруженија и фондации од април 2010 година и има 704 членови. Тоа е единствено здружение во рурална средина кое има свој пензионерски дом изграден со средства на жителите, со донации на фирми и секако, со пензионерски средства.

На свеченоста по повод 65–годишнината од пензионерското организирање во Македонија, ЗП Лабуништа и Рамиз Ќазимоски лично, добија благодарници од СЗПМ за посебен придонес во остварување на целите и задачите на Сојузот. Во емисијата “Трета доба”, Рамиз Ќазимоски одговори и на неколку прашања од гледачите.

**Донка Долгоска**